Томас Бернхард

Плоштад на хероите

Превод од германски Елизабета Линднер
(неколку забелешки од преведувачката: нема интерпункции низ текстот. Неколку зборови се од мене додадени – обележани се со коментар, бидејќи на македонски само како име, нема да се знае што е тоа – дали е болница, парк итн... може да се тргнат тие што не сакате да бидат таму. На неколку места има во коментар опција за синоним, може да се употреби кое делува подобро.)

*Виена*

*Можно е неколку пати во годината да се*
*чувствувате убаво во овој град*
*кога минувате преку Колмаркт*
*или преку Грабен*
*или надолу по Сингерштрасе на пролетниот воздух*

Март 1988

*Лица*

РОБЕРТ ШУСТЕР, професор, *брат на починатиот*
*професор Јозеф Шустер*
АНА *и*
ОЛГА, *ќерки*
ЛУКАС, *син,*
ХЕДВИГ, *наречена и госпоѓа професор, жената на починатиот*
ГСОПОДИН ЛИБИГ, *колега*
ГОСПОЃА ЛИБИГ
ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР*, обожавател*
ГОСПОЃА ЦИТЕЛ, *економка на починатиот*
ХЕРТА, *негова куќна помошничка*

*Виена*
*Март 1988*
Прва и трета сцена
*Станот на професорот Шустер, во близина на Плоштадот на хероите (Хелденплац), трети кат*
Втора сцена
*ПаркотФолксгартен*

Comment [n1]: ОД мене додадено

*По погребот*

Прва сцена

*Голема соба за гардероба*
*Висок прозорец со дрвени ролетни*
*Две високи врати лево*
*Една висока врата десно*
*Повеќе затворени или отворени шкафови за алишта до*
*плафонот на сите ѕидови*
*Повеќе затворени сандаци и куфери, адресирани за Оксфорд*
*Рано претпладне*

ХЕРТА *стои со крпа за прашина на прозорецот и гледа надолу кон улицата*
ГОСПОЃА ЦИТЕЛ *влегува со одело на закачалка и го закачува, го прегледува.*
Оделово не е ни скинато
Мало дупче на елекот
Моето универзитетско одело секогаш велеше професорот
*го мириса оделото, го држи високо наспроти светлината*
*и повторно го закачува*
Сега е сè уште полошо
отколку пред педесет години велеше
Впрочем требаше да си одам кај мајка ми
Ми се темни од старечкиот дом
ХЕРТА *почнува да ги чисти чевлите што се растурени по подот*
ГОСПОЃА ЦИТЕЛ
Или ѝ ги сечам ноктите
или ѝго читам Толстој
Само затоа што професорот пред петнаесет години рече
читајте ѝ Толстој на мајка Ви
тоа е одлична терапевтска мерка
еве веќе петнаесет години ѝ го читам Толстој
*го четка оделото*
Кога сакам да ѝ ја вметнам вилицата в уста
ме оттурнува
За мене никогаш не се грижеше
Сакам да ѝја вметнам вилицата в уста
а таа ме мава по лице
Старите луѓе се нескротливи
*го мириса оделото*
Па дваесет годинииздржав
велеше
Кој знае дали професорот повторно ќе се
привикнешево Англија
Госпоѓа професор отсекогаш ја мразела Виена
само театарот го сакаше
Виена ја мразеше

Ако сега оди во Нојхаус
сигурно ќе биде само накратко
Госпоѓа професор е градски човек
Станот е продаден
избрзано продаден
најдоцна на деветнаесетти
а тоа е веќе задутре
мора да биде испразнет

ХЕРТА*стои и чисти чевли до прозорецот и гледа надолу кон улицата*

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Професорот е мртов
колку долго и да гледаш долу
нема веќе да оживее
Самоубиството е секогаш акт одкурцшлус
Кошулата беше скината оделото не
И баш ти го виде како
се струполи доле
Веќе имам видено толку многу мртви во животот
ама ти ќе ме разболиш со тоа твое гледање надолу
Госпоѓа професор еве пак го слуша вресокот
За ручек на вечера не
Нема ни неколку лажици чорба изедено
веќе пребледува во лицето и сосема се вкочанува
Од санаториумот Штајнхоф немаше никаква полза
Ни во Нојхаус не закрепнува веќе
Ќе видите госпоѓо Цител во Оксфорд веќе
нема да ги има нападите
рече професорот
во Оксфорд нема Плоштад на хероите
во Оксфорд Хитлерне бил никогаш
во Оксфорд нема виенчани
во Оксфорд масите не врескаат

**Comment [n2]:** психијатријата, психијатриската болница - од мене додадено

ХЕРТА

Госпоѓа професор ќе ме земе со себе во Нојхаус

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Па ѝтребаш
Јас ја убедив дека ѝтребаш
За божиќните празници цело време
остана да лежи в кревет
исто и за Нова година
Во Нојхаус исто така по цел ден лежи в кревет
или безделничи на терасата
секогаш чита едно те исто

ХЕРТА

Па сакав да ја посетам и во Штајнхоф

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Мене не ме пушти да влезам
а ѝимав купено многу добри благи работи

Госпоѓа професор не сака никакви посети
се велеше
повторно ја имаше убаватасоба со балкон
Павилјонот Фридрих е за депресивните префинети луѓе
тие всушност не се болни а сепак
секојпат кога беше во Штајнхоф
настинуваше
Професорот Шобер примариусот е роднина
на професорот Кудлих
кого господинот професор Шустер го запознал во Англија
преку професорот Васербауер
некој вујко на професорот Васербауер
му средил на професорот Шобер за примариус во Штајнхоф

ХЕРТА

Госпоѓа професор има нешто против мене

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Нема ни неколку лажици чорба изедено
веќе пребледува во лицето и се вкочанува
Госпоѓа професор е осамен човек
Професорот никогаш не се однесувал добро со неа
Никогаш нема да ти простам
што мајка ти била глумица
често велеше професорот
и покрај тоа што ти не можеш ништо за тоа
Во Нојхаус често и со недели не излегува од дома
Постојано ѝвелеше егзалтирана личност
Родена во Линц дури и с а м о т о тоа е стравотна мисла
велеше

ХЕРТА

Госпоѓатапрофесор не ме сака

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Те сака исто толку малку колку и мене
таа не се сака дури ни себеси
Жена ми е загубено суштество
смртно несреќно
никогаш не ни смеела да се роди
има толку многу кои не смееле да се родат
Со овие луѓе човек мора да се однесува претпазливо
ама тие тоа не ти го дозволуваат
велеше професорот секогаш
овие луѓе уништуваат сè и секого
*го мириса оделото*
Секоја година тој одеше во Англија
и си купуваше едно одело
англиските одела
се сепак најдобри

ХЕРТА

Господинот професор има дваесет и две одела

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

А сепак секогаш го носеше истото
кое уште со години ќе можеше да го облака
Цел живот професорот
чевлите си ги чистеше сам
чевлите не смееше никој да му ги чисти
Направив чорба со запршка
говедско печење од Циглер
доволно ќе биде
Наместо во Оксфорд
сега сѐ ќе оди во Нојхаус
Беше избрзано тоа
што професорот го продаде станот
Кујната е веќе испразнета
*гледа околу себе*
Годинава требаше веќе сѐ да биде молерисано
Еден Персиецтрговец со теписи
Тој сака сѐ да биде поинаку
следната недела сака да почне со преуредувањето
*зема чевли од еден од шкафовите и ги фрла*
*пред нозете на Херта*
Чевлите ќе ги земе господин Лукас
господинот Лукас носи ист број
еден пристоен човек носи број четириесет и пет
секогаш велеше професорот
Кога професорот беше во Торино
си купуваше чевли
ама ги облекуваше само англиските

ХЕРТА*го чисти чевлите што ги фрли госпоѓа Цител*

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Со професорот умре и Оксфорд
*ги отвора сите шкафови еден по еден*
Чевлите одат во црната вреќа
*фрла валкани алишта на еден куп*
Валканите алишта одат во салон за перење
Не знам дали госпоѓа професор валканите алишта
ќе ги земе во Нојхаус
Во Нојхаус во март е уште многу ладно
а и никогаш не сме биле во зима во Нојхаус
ама и не ни преостанува ништо друго
освен да одиме во Нојхаус
Немале ни пет години
кога се запознале во Нојхаус
ако тие што се запознале како деца
подоцна се венчаат тоа секогаш лошо завршува
Од Баден шоферот секогаш им носеше
медени бонбони
*директно кон Херта*

**Comment [n3]:** месарницата

Па добро не можеш цело претпладне
да гледаш надолу кон улицата
тоа веќе ништо нема да смени
*ѝ го зема чевелот на Херта од рака*
Во Грац требаше само капутот
да му го носиш зад него ти гуско глупава
Кога јас бев со него во Грац
само капутот му го носев зад него
професорот го мразеше Грац

ХЕРТА

Господинот професор ми вети
дека ќе ме земе во Грац

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Таму требаше само капутот да му го
носиш зад него
и мораше во хотелот Ерцхерцог Јохан
да пренокиш во некоја мрачна дупка
со прозорец кон кујнското окно
таму тој ништо не знаеше
ти за малку ќе се задушеше
а самиот тој си ја имаше најубавата соба во целата зграда
професорот си беше егоист
потполно и целосно

Comment [n4]: додадено од мене

ХЕРТА

Главата беше

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Сега веќе сто пати кажа
дека главата беше целосно смачкана
*го зема купот со валкани алишта и го фрла*
*во друг ќош*
Ама професорот не беше болен
професорот Роберт е болен тој не беше болен
професорот Роберт е од дете болен
професорот Роберт е тешко болен од срцева болест
не може да земе воздух
кога ќе се качи горе во станот
останува најмалку петнаесет минути да стои
професорот Роберт секако не е залудно во Нојхаус
бидејќи скалите му предизвикуваат тегоби
толку ретко и доаѓа
веќе триесет години треба да се изгради лифт
веројатно нема никогаш да се изгради
Професорот Роберт не доаѓа до воздух дури ни
кога ќе застане
а понекогаш па нема воопшто никакви тегоби
сево ова треба да е и психички

ХЕРТА

Во Нојхаус има толку многу сончогледи

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

*зема една даска за пеглање, ја расклопува и започнува да пегла кошули*

Па професорот Роберт
има слабо срце
последен стадиум
сега повторно доаѓа време
кое за него е најлошо
пролетта е секогаш лоша
Само да го издржам април госпоѓо Цител
веќе сум извојувал победа
потоа ќе се пројде и целата година вели
секојдневно чита Ноје Цирхер Цајтунг
Во Грац живеат само стари и глупи
секогаш велеше професорот
во Грац само тапоумноста е дома
не разбирам
дека има луѓе
што се одушевени од Грац
Каде ли би одел во Грац
мене во Грац секогаш ми беше досадно

ХЕРТА

Професорот ми вети
дека ќе ме земе во Грац

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Никој не мора да бил во Грац

ХЕРТА

Самоубијците не добиваат црковен погреб

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Па професорот не беше католик
Ова е оделото на господинот професор
реков на хемиско чистење
професорот почина минатата ноќ
не кажав дека се фрлил од прозор
Кој носи крваво одело
на хемиско чистење
мора да даде и некакво објаснување
сигурно си мислеа
дека бил прегазен

*зема еден чешел од својата чанта за облека, застанува зад Херта и си ја фризира косата*

Тиси ги крпеше чорапите во трпезарија
ако професорот знаеше
каква си навистина
секогаш се залагав за тебе
Евреите се
закопуваат во обичен недоделкан ковчег
од меко дрво

*гледа околу себе*
Професорот мразеше неред
на професорот Роберт секогаш сè му беше сеедно
на професорот не
сè мораше да биде на свое место
професорот беше најдисциплинираниот човек
тешко нас ако рачките на прозорецот не беа поставени право
На госпоѓа професор не ѝбеше лесно
на дваесет и три бил европскипрвак во скокови во вода
професорот имаше добра става
Струкирани кошули мразеше
Во Англија ќе ми недостасуваат Вашите кремпити
му рече на слаткарот Хандлос
знаете господине Хандлос јас сум врпочем Евреин
за љубов на жена ми морам да се вратам во Оксфорд
Вашите кремпити ќе ми недостасуваат господине Хандлос
Во Оксфорд нема кремпити од Хандлос
ХЕРТА
Луѓето велат дека ќе се убијат
и се убиваат
ГОСПОЃА ЦИТЕЛ*ги здогледува откопчаните копчиња на јаката на Херта и ги закопчува*
Веќе цела недела стоиш овде
и гледаш надолу кон улицата
Треба отсега натаму секогаш да одиш во цно
црно ти стоинајдобро
сите се облекуваат толку шарено и откачено
на професорот тоа не му беше по ќеиф
кога ќе се облечев шарено
професорот сакаше само во црно да ме гледа
на повеќето црно им стои најдобро
Би требала фустаните во боја да ги дадеш
да ти ги офарбаат црни
мене најмногу ми се допаѓаш во црно
*Обете гледаат надолу кон улицата*
ХЕРТА
Сега ни професорот Роберт
нема долго да поживее
ГОСПОЃА ЦИТЕЛ
Професорот Роберт е животен уметник
егзистенцијален уметник како што професорот секогаш велеше
*Се доближуваат уште повеќе до прозорецот и гледаат директно надолу кон улицата*
ГОСПОЃА ЦИТЕЛ
Јас би била премногу коркач за вакво нешто
Веројатно мислел и на тебе во тестаментот
*ја прочешлува косата на Херта*
Не сум добар човек

**Comment [n5]:** кукавица

велеше секогаш
Кина еден ден ќе владее со светот госпоѓо Цител
азиското временско доба веќе започна
Во Оксфорд ќе ја добиете најубавата соба
на поткровје
таму имате ширен видик низ областа
Ти и не знаеш колку е убава Англија
*ѝја собира косата, ја притиска косата*
За продуховен човек престојот во Англија е одлучувачки
луѓето кои немале престој во Англија
не се ништо велеше професорот секогаш
Тоа и тебе ќе ти годеше
*оди до даската за пеглање и пегла понатаму*
Мојата куќичка во Шалххам
ви ја препуштам вам госпоѓо Цител
таму ќе можете да се повлечете
кога мене ќе ми се случи нешто
ХЕРТА
Госпоѓа професор нема да остане во Нојхаус
таа е градски човек
ГОСПОЃА ЦИТЕЛ
Сега си замислува
дека ќе остане во Нојхаус
квечерината од животот ќе ја мине во Нојхаус
веднаш ќе дојде во Виена ќе видиш
не е научена на селски живот
луѓето на село ти убиваат и дух и душа
велеше професорот секогаш
еден граѓанин нема што да бара на село
граѓаните одат на село и за најкусо време се уништени
на село сè е против граѓанинот
граѓанинот пропаѓа на село венее
и во најкусо време е уништен
ХЕРТА
Кога госпоѓата професор двапати неделно
одеше во театаротЈозефштат
ГОСПОЃА ЦИТЕЛ
Не оди во Бургтеатар
во Јозефштат оди
јас сум сепак родена посетителка на Јозефштат
велеше секогаш
Од Нојхаус пристапот е премногу отежнат
Освен црква нема театар на село
велеше професорот секогаш
а кој еднаш ја вкусил крвта на театарот
тој веќе не може да живее без театар
Кога професорот одеше на концерти во Музикферајн
таа одеше во Јозефштат

Comment [n6]: додадено од мене!

Comment [n7]: додадено од мене

Всушност тој го сакаше само брат му
професорот
*дипли кошула*
Сите освен брат му Роберт ги мразеше
Радо би бил Французин
велеше
не Англичанец не Русин
Французин
тоа дека сум Австриец
е моја најголема несреќа
*ја пегла кошулата сосема мазно*
Беше гневен
како да ги здиплам кошулите
ми објаснуваше
ми покажуваше како треба да сеподвиткуваат кошулите
при диплење
*ѝпокажува на Херта која се завртува кон неа*
Вака гледаш вака
ја диплеше кошулата
потоа ја зафрлаше во вис
и пак ја диплеше
и ја зафрлаше во вис
и пак ја диплеше
*гледа на саат*
седум или осум пати ја зафрлаше кошулата во вис
и пак ја диплеше
а потоа велеше сега здиплете ја госпоѓо Цител
исто вака здиплете ја
како што јас сега ја здиплив
ама не можев
рацете ми се тресеатолку многу
што не можев да ја здиплам кошулата
Вака велеше професорот вака
и ги подвиваше ракавите
вака госпоѓо Цител вака вака вака
ми ја фрлаше кошулата в лице
а јас требаше да ја здиплам кошулата
неумоливо
Глупавоста на човештвото не познава граници
Нене госпоѓо Цител не сум јас луд
јас сум само прецизенгоспоѓо Цител ама не и луд
јас сум само прецизен госпоѓо Цител ама не и луд
фанатикза прецизност сум јас госпоѓо Цител
не сум болен не сум болен извикуваше
јас сум само фанатикза прецизност
јас сум најпознатиот фанатик за прецизност
професоре Шустер не знам не знам велев
Неподнослива личност извикуваше тој неподнослива личност

**Comment [n8]:** трепереа

велеше в а к а ќе ја здиплите кошулата в а к а
не бев во состојба за тоа
веќе не можев да ја гледам кошулата
*Херта четка еден чевел со четка*
Госпоѓо Цител госпоѓо Цител извикуваше и се стрчуваше кон прозорецот
Гледајте го Плоштадот на хероите извикуваше гледајте го Плоштадот на хероите
по цел ден слуша врескање од Плоштадот на хероите
по цел ден непрестајно
непрестајно непрестајно госпоѓо Цител
да излуди човек да излуди човек е тоа госпоѓо Цител
ќе излудам од тоа ќе излудам
*Херта оди до прозорецот и гледа надолу кон улицата*

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Веќе десет единаесет години
госпоѓата професор слуша вресок од Плоштадот на хероите
никој не го слуша таа го слуша
Тоа ме излудува госпоѓо Цител ме излудува
Се разбира дека го гледам Плоштадот на хероите велам
Таму ти кај што стоиш сега
таму крај прозорецот минуваше и викаше
Госпоѓо Цител госпоѓо Цител госпоѓо Цител
потпрен на прозорецот сосема исцрпен велеше
Ако не знаете ни да здиплите една испеглана кошула госпоѓо Цител
тогаш сте овде на сосем погрешно место
професорот беше потполно блед
се тргна од прозорецот навака
Ајде здиплете ја кошулата сега госпоѓо Цител рече
сосема смирено го рече тоа
сосема смирено ја здиплив кошулата
Ете гледате госпоѓо Цител
ајде сега смирете се госпоѓо Цител рече
ја погледна здипленатa кошула и рече
ајде смирете се госпоѓо Цител
а потоа рече
дојдете ќе одиме дојдете со мене во кујна
и направете ни шолја чај
напијте се шолја чај со мене госпоѓо Цител рече
*ја остава кошулата настрана и пегла втора*

ХЕРТА

Во Штајнхоф на госпоѓа професор
во јануари повторно
во павилјонот Фридрих ѝдадоа електричен шок

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Ама ништо не помогна
само што ќе влезе во трпезарија
го слуша вресокот од Плоштадот на хероите
Повторно и повторно го преколнува
да се откаже од станот

но тој не го направи тоа
Па не можам да се откажам од станот
само затоа што ти го слушаш тој вресок од Плоштадот на хероите
велеше повторно и повторно
тоа би значело дека овој Хитлер по вторпат
ме протерува од мојот стан
тој мислеше дека ќе помогне
ако си ги затне ушите
ама се разбира дека тоа ништо не помогна
и ноќе го слуша вресокот од Плоштадот на хероите
си ги држи ушите затнати
а потоа мора да излезе од трпезарија
веќе десет или дванаесет години е вака
а ете можеа трпезаријата
да ја преместат во спална
ама професорот не го направи тоа
барем за проба велеше таа
тој секогаш одбиваше
тогаш ниту една ноќ нема да спиеш велеше
најпрвин мислеа дека е доволно
ако си ги затне ушите
ама се разбира дека не беше доволно
ја има само можноста
да се откажете од станот
им велеше професорот Шобер
додека не се откажете од станот
нема да биде возможно излекување
ако се откажете од станот
болеста ќе се повлече
велеше професорот Шобер
Ќе видиш кога ќе бидеме во Оксфорд
нема веќе да го слушаш вресокот
десет години не го слушаше
сега повеќе од десет години го слуша вресокот
Ушните канали нема да ги уништи
рече професорот Шобер
ама е многу веројатно
еден ден жена Ви
да го загуби разумот
рече професорот

ХЕРТА

Во Нојхаус не слуша ништо

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Само што ќе дојде во Виена го слуша вресокот
ама не можам сега за тоа да се откажам од станот
велеше професорот секогаш
тоа не можам
*ја става кошулата настрана и пегла трета*

*Херта го чисти чевелот*

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Не можеше да се напие ни голтка
го сакате Сарасате праша
да се разбира дека го сакам Сарасате реков
добро е чим го сакате Сарасате рече
Ве молам во иднина да ги диплите кошулите онака
како што тукушто ви покажав госпоѓо Цител
Знаете дека е важно за мене
да ми ги диплите кошулите онака како што јас посакувам
секогаш ми беше стравотно
кога ме изненадуваше додека пеглам кошули
тогаш се одигруваше секогаш едното исто
Ако го сакате Сарасате
тоа е веќе голема предодреденост за доверба
велеше секогаш
на луѓето што не го сакаат Сарасате
не им верувам
тоа се секогаш грозни луѓе
А како стои со Глен Гулд
го сакате Глен Гулд
Постојано го прашуваше ова
знаев дека секогаш треба да кажам дека го сакам Глен Гулд
го слушате ли радо Глен Гулд госпоѓо Цител
го сакате Сарасате го сакате Глен Гулд
Да велев секогаш на тоа многу го сакам Глен Гулд
радо го слушам Сарасате и многу го сакам Глен Гулд
Тоа се стравотни луѓе знаете госпоѓо Цител
тие што не го сакаат Глен Гулд
и кои не го слушаат радо Сарасате
со такви луѓе не сакам ништо да имам
тоа се опасни луѓе тие што не го сакаат Сарасате
и не го слушаат радо Глен Гулд
што се однесува до вакви работи госпоѓо Цител јас сум како опседнат
Би знаел да правам нешто подобро
отколку секоја сабота да слушам Сарасате
или Глен Гулд
воопшто не сакам клавир

ХЕРТА

Во Нојхаус на госпоѓа професор ќе ѝбиде многу подобро

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

*оди до купот со валкани алишта, го собира и го фрла во друг ќош*
сакаше да оди за Париз
но тој не дозволи
со професорот Видрих за Париз
и уште што друго
потоа три дена не зборуваше со неа
*пегла понатаму*

Заради тебе ја прифатив катедрата
само заради тебе ѝвелеше
мислиш дека инаку би се враќал во Оксфорд
впрочем ја мразам Англија
а посебна па Оксфорд
ама не можам веќе да издржам
што постојано ги имаш нападите
и професорот Шобер е за Оксфорд велеше
ќе ти годианглиската атмосфера
не ни помислував дека Виена може
толку да ти шкоди

ХЕРТА

Професорот веќе воопшто не сакаше назад во Англија

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Веќе немаше друг излез
*директно кон Херта*
Најпрвин хаусмајсторот ја заврти главата
*Херта кима*

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Има само уште југословенски хаусмајстори во Виена
Кога на мајка ми ќе ѝ кажам дека сум исцрпена
не ме ни слуша
денеска не можам да ти читам велам
не ѝсмета
бара двапати да ѝго прочитам истото поглавје
Ќе видите со Толстој ќе ја смирите
велеше професорот
Ти не ни знаеш што е Толстој
Твоите родители никогаш не се грижеа за тебе никогаш
ни мајка ти ни татко ти
да не бев јас
јас го убедив професорот за тебе
ама тоа го направив заради благодарност
кон твоите баба и дедо
горно-австриско девојче од Хаусрук велите
рече професорот
од селанско семејство
да реков
од селанско семејство

ХЕРТА

Тоа не е точно

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Колку често сум лажела заради тебе
постојано го лажев професорот заради тебе
во секој миг
инаку уште одамна ќе те исфрлеше

ХЕРТА

Тоа не е вистина

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Не да е вистина
Ама таа не краде така
праша професорот
реков не
сепак Ви помага колку може госпоѓо Цител
да реков чиста лага
ем крадеш ем не ми помагаш колку можеш
ти си мрзлива личност
како мајка ти
човек мора за сѐ да те збоднува
сега си веќе четири години во куќава
и уште ништо немаш научено
јас веќе се откажав
веќе нема никаква смисла

ХЕРТА

Господинот професор ме покани во Грац

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Те покани во Грац во нацистичкото гнездо
во апсолутниот неград
како што велеше секогаш
како носителка на капут
професорот сите ги злоупотребуваше
мене ме злоупотребуваше
госпоѓата професор ја злоупотребуваше
своите ќерки ги злоупотребуваше
мене тебе сите
јас сум најголем егоист велеше за себе
Катедрата во Оксфорд ми е спас
велеше
за жена ми тоа можеби значи пропаст
уништување
Не можам тоа да го сменам
Во Оксфорд веднаш ќе се излечиш
ѝвелеше на госпоѓата професор
*директно кон Херта, сѐ повозбудено*
сопствените ќерки си ги мразеше
професорката Ана која во две години
ниту еднаш нема дојдено кај него
таа не мораше да се разведе
таа својот маж го згади и избрка од бракот
сега и двете се сами
моите две високо образувани морничави ќерки
како што ги вика професорот
моите ќерки ќе ме отераат в гроб велеше
го оставиле на цедило
но и тој не се грижел за нив
го искористиле до бескрај

нема ништо што депримира повеќе од самотни ќерки
госпоѓо Цител
кои што би се рекло се занимаваат со духовна дејност
Моите ќерки се мои гробари
а син ми Лукас е ништожник
кога со деценији мораме да гледаме
како од едно беспомошно дете
се развива одбивно чудовиште
Секогаш си посакуваме други деца
когаконечно ќе мораме да согледаме
Најпрвин се знаат со деценији си играат заедно
студираат заедно стануваат возрасни заедно
на четириесет одненадеж се венчаат бомбастично
и веднаш потоа се разведуваат
и паѓаат на товар на таткото
Госпоѓата професор Ана никогаш не се грижеше за својот маж
ниту па госпоѓата професор Олга
за госпоѓата професор Ана постоеше само Националната библиотека
таа секогаш беше поважна
Кога еден ден ќе увидите дека Вашите сопствени деца
се нелуѓе велеше
и дека се само месојадни тапоглавци
нешто егзалтирано мегаломанско хаотично

ХЕРТА

Ни во Нојхаус нема машина за перење алишта

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Богатите насекаде најмуваат неслога
и секогаш се венчани со неслога
сите секогаш бараат излез
ама не наоѓаат
само да се нема сочувство со овие луѓе
велеше професорот
не заслужуваат сочувство
Ама ти не сфаќаш ништо
тебе може човек со деценији да те убедува
а ти ништо нема да имаш сфатено

ХЕРТА

Во Лисабон секогаш си купуваше кошули

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Ама ракавите секогаш беа прекратки
за негова телесна големина имаше предолги раце
Татко ми исто така имаше предолги раце госпоѓо Цител рече
многу чудно ама не поднесувам свила госпоѓо Цител
свила не памук да
свила врз кожа е многу грозно госпоѓо Цител
за човештвото свила е нешто најпрефинето
мене свилата ми е одбивна госпоѓо Цител
она што човештвото го сака

мене сето тоа ми е одбивно
*ја дипли кошулата и гледа на саат*
Богатите луѓе сите
се погребани на Доблинговите гробиштата
чевларите имаат гроб додека постојат гробиштата
Вака сакаше професорот
да му ги диплам кошулите
*ја зафрла здиплената кошула во вис и повторно ја дипли, додека вели*
никој не знаеше кошулите
да му ги здипли правилно
дури ни по дваесет години не знаев
*повторно ја зафрла кошулата во вис и се засмејува*
гледаш вака
*ја дипли кошулата грижливо*
Професорот беше педантен
*многу смирено, здиплената кошула ја поставува кај другите*
Нема белким сега секој ден
што ќе го поминеме во станот
да стоиш на прозор
и да гледаш надолу кон улицата
Професорот го остави тоа зад себе
едноставно не сакаше веќе да се враќа во Оксфорд
во Виена не можеше веќе да издржи
ама не сакаше назад во Оксфорд
Трагедија не е за него
тој е веќе мртов
трагедија е за госпоѓата професор
и за господинот професор Роберт
и за тебе

ХЕРТА

*Брише прашина од прозорскиот симс*
Господинот професор ми вети
дека ќе ме земе со него во Грац

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Во Грац во Грац
Професорот беше веднаш мртов
До погребот ќе потрае уште некое време во Виена
често и четириесет дена
Мртвите во Виена лежат и по неколку недели
во градските фрижидери

ХЕРТА

Добро е што госпоѓата професор не беше овде
кога професорот се фрли од прозор

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Каква несреќа што ти прва го виде мртвиот професор
Мразеше вартовсрки и зимски капути
јас сум роден капутомрзец рече

среде зима одеше без капут
уште во седум и пол по англиските весници
нив не смеев јас да му ги донесам
единственото нешто од кое човештвото навистина се плаши
е човечкиот дух рече професорот
професорот не беше омилен човек
Во вторникот мајка ми направи деведесет и две
За мене професорот дури и беше убав човек
Ме радува што веќе ја поставивме масата
ќе има уште двапати вечера во оваа куќа
впрочем е веќе сѐспакувано
*гледа во куферите*
Секаде пишува Оксфорд
а сѐ ќе оди за Нојхаус
*се наведнува кон еден од големите куфери*
Оксфорд Оксфорд
а сепак сѐ оди за Нојхаус
Дане беше станот продаден
ама професорот не можеше да дочека
да го продаде
господинот професор Лукас и госпоѓата професор Ана
ќе отпатуваат сами во Оксфорд
Од Оксфорд треба еден професор
да биде дојден на погребот
*извикува*
Само во кругот на семејството
ни од тоа нема ништо
*повторно смирено*
Лажиците веќе беа спакувани
*станува и пегла кошула*
Кошулите мораат да бидат испеглани
дури и кога професорот е мртов
сите нив ќе ги добие професорот Лукас
нему му се точни

ХЕРТА
И чевлите му се точни

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ
Кога човек веќе нема излез
мора да се убие рече професорот
*директно кон Херта*
Отвори ги жалузините во трпезаријата
сега ќе влезе пријатен воздух
*Херта излегува*

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ
*извикува кон трпезаријата*
Малиот брат на професорот
се фрлил од прозор во Нојхаус
триесет и осма

и веднаш починал
на деветнаесет
уште како студент
професорот со години
не го надминал тоа
Самоубиството им е во семејството
се убиваат повеќе богати луѓе отколку сиромашни
Мораме да ги претекнемедругите
рече професорот
Мораш жалузините сосема да ги отвориш
за да може да влезе свеж воздух
*се слуша отворање на прозор и жалузини*
Да беше како што сака госпоѓа професор
немаше веќе да бидеш овде
само мене можеш да ми се заблагодариш за тоа
дека си уште овде
Таа не сака свеж воздух
Двапати морав во Грац да го негувам
господинот професор
во хотелот Ерцхерцог Јохан
со грип
не ни можеш да си замислиш
како ме малтретираше
му бев оставена на милост и немилост
сите му се оставени на милост и немилост
Господинот професор Лукас е исто така негова жртва
и со ќерките отсекогаш владеел
со госпоѓа професор Олга повеќе отколку со госпоѓа професор Ана
но на обете не им било лесно
како деца не смееле ни да се возат со санка
не им дозволил
ништо не им дозволувал
секогаш се плашел
дека може да се повредат
*Херта толку гласно ги подига жалузините од трпезаријата, што јасно може да се чуе и во собата за гардероба*

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Прашањето беше само
како ќе го пребродат тоа
ниеден човек никогаш ништо не му значел на професорот
професорот со сите се изживувал
Единствената која нешто вреди сте Вие госпоѓо Цител
рече еднаш
такво нешто човек памети
*вика кон трпезаријата*
За осум души Херта
осум мора да бидат осум се
таа на Либиг професорот Либиг и Ландауер

Comment [n9]: од мене додадено

ХЕРТА

*вика назад*

Осум се за осум души госпоѓо Цител

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Кога ќе бидам во Оксфорд
можам да здивнам рече професорот
сега овде во Виена е дури и полошо
отколку пред педесет години госпоѓо Цител
Ја плукнале ќерка ми госпоѓо Цител
Секој ден со страв госпоѓо Цител
веќе не можам да го издржам тоа
за Австрија сум престар и преслаб
да се егзистира во Виена е нечовечност
Дури и само заради менталната болест на жена ми
морам да си одам од Виена
таа сега веќе и ноќе го слуша
вресокот од Плоштадот на хероите
Не требаше да го вратам
англиското државјанство тоа беше грешка

*Херта се враќа назад, продолжува да чисти чевли*

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Кога ќе излеземе од куќава
ќе ни преседне и слушање и гледање
На универзитетот госпоѓо Цител владее
трчаница низ шпалир од удари заради омразата
ако сте си купиле земичка на аголот
наведнете се рече професорот
Сандаците во подрумот сите одат за Нојхаус
Поштата можеше впрочем да собере веќе сè
Господинот Лукас сигурно ќе го добие лавовскиот дел
Госпоѓата професор Ана си зеде одмор
госпоѓата професор Олга има четири недели одмор
Госпоѓата професор рече дека ќе оди да ја посети мајка ѝ
ама тоа го кажала веќе толку често
На Доблинговите гробишта мора човек
да биде топло облечен

*ја дипли кошулата*

Пеглањето е уметност
велеше професорот
пеглањето секогаш се потценува
уметноста на пеглање е една од највисоките уметности

*оди до прозорот и со Херта гледа надолу кон улицата*

Професорот Роберт
нема долго да издржи во Нојхаус
со госпоѓата професор
не си ја сака снаата
со госпоѓата професор под еден покрив
тоа не може никој да го издржи

во Нојхауас само седи на фотелја и чита
двапати неделно остава со шофер да ја одвезат в град
во Јозефштат
а сепак т а а беше онаа
што ме ангажираше а не тој
тој воопшто не ме сакаше
ме прифати против својата волја
*зема повеќе бастуни од еден шкаф*
Ни јас воопшто не сакав
Мајка ми сакаше да стапам на работново место
кај еден познат професор
ова ти доаѓа само еднаш
*со бастуните оди до прозорецот и гледа надолу*
мајка не трпи никакво противречење
денес е поинаку
денес секој прави што сака
тогаш тоа беше сосем поинаку
освен заповеди немаше ништо
и заповедите сите се исполнуваа
Знаете ли како се пречекуваат гости
ме праша професорот
*со бастуните оди до една маса*
ништо не му одговорив на тоа
се разбира дека не знаете
знаете ли како се испраќаат гости
се разбира не знаете
кај мене сè ќе научите драга моја
рече професорот
жена ми си умислила
дека треба да Ве ангажирам
јас сметам дека сте овде на сосем погрешно место
*ги легнува бастуните на професорот на маса и ги брише*
*со крпа за прашина*
Целото семејство мина
низ санаториумот Штајнхоф
секој од нас бил еднаш во Штајнхоф
тие таканаречените подобри виенчани
сите биле најмалку еднаш во Штајнхоф
па макар и на амбулантен третман
велеше професорот многу често
Мажите секогаш имале многу подлабока врска
со Штајнхоф отколку жените
а голем дел од нас исто така
умрел во Штајнхоф
Штајнхоф можам да кажам рече професорот
за повеќето од нас бил последната станица
Повисоките и највисоките благослови нашите
ги примале само во Штајнхоф

**Comment [n10]:** психијатријата – од мене додадено, инаку само име: Штајнхоф

*ги врзува бастуните заедно со врвка*
И самиот професор бил трипати во Штајнхоф
пред војната
семејството Шустер впрочем од Штајнхоф
заминало за Англија
во Штајнхоф се нашле еден со друг
и преку ноќ отишле за Англија
Професорот Штроцка
кој во декември беше кај нас
на професорот му ја набавил катедрата во Оксфорд
*ги става бастуните во еден ќош и оди до прозорот и гледа надолу кон улицата*
*кон Херта*
Ќе те земеа во Англија
доколку научеше англиски
ама ти воопшто не се потруди
за четири години можеше перфектно да научиш англиски
ама тоа сега веќе не е проблем
Ако професорот знаеше
дека не знаеш ни англиски
немаше да те вработи
тој мислеше дека тоа се подразбира само по себе
кога дрвјата се соголени човек дури и ги гледа луѓето
кои седат зад прозорците на палатата Хофбург
Во ова годишно време секогаш уште претпладне
палат електрично светло
Во саботите професорот најмногу сакаше
да појадува во Мајерај во паркот Фолксгартен
еднаш за време на појадокот едно врапче
кое веројатно имало пролив
му се испразни на рамото
*се завртува*
Госпоѓа професор мрази готвење
сега можеме да ставиме
ким во чорбата
кога професорот е мртов
*гледа на саат*
Мајка ми сакаше по секоја цена
во католичкиот старечки дом во Крицендорф
јас реков во некој градски
таа сакаше само католички
*оди и гледа внатре  во сите шкафови*
сакала нова ноќница
Професорот сакаше да ми даде пари за тоа
Во Грац никогаш не можев до воздух да дојдам
најлош воздух има во Грац
луѓето секогаш тврдат дека во Линц
ама најлош воздух има во Грац

Comment [n11]: додадено од мене
Comment [n12]: кафуле
Comment [n13]: додадено од мене

*гледа под масата*
Во Оксфорд сакаа да си
уредат на англиски начин
Во Англија ќе се чувствуваше добро
ама тие немаше да те земат со себе
*оди и излегува низ десната врата*
*Херта гледа по неа*

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

*повторно се враќа назад и со една голема вазна полна*
*со перуники застанува пред масата*
Сега кога професорот е мртов си мислев
дека овде можам да ставам и цвеќиња
*ја става вазната на маса и се враќа неколку чекори наназад,*
*за да може вазната да ја види поубаво*
Професорот мразеше цвеќиња
никогаш не смеев да поставам цвеќиња
Колку убави перуники
*ги подредува перуниките во вазната и повторно се враќа*
*неколку чекори назад*
Перуниките имаат смртоносен мирис
рече
*ги подредува перуниките*
Ни во трпезаријата не одговараат
*Херта оди до трпезаријата и гледа внатре во трпезаријата*
Утре едноставно ќе ги однесам
на гробишта
*се враќа назад во собата за гардероба*
На погребот исто така си
забрани и цвеќиња
на погреб не сакам цвеќиња
рече професорот
не сакам цвеќиња и не сакам луѓе
тој го прими ветувањето од брат му
дека сам ќе му оди на погреб
ни жена ми не смее да ми дојде на погреб
рече еднаш
таа помисла би ми била неподнослива
дека сите овие подлуѓе стојат на мојот гроб
*проверува повеќе парчиња алишта од купот валкани алишта*
*што стојат во ќошот*

ХЕРТА

Професорот Роберт ќе биде следниот

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Доблинговите гробиштами се омилени гробишта
таму се закопани сѐ само славни личности
Кога си постар можеш да се справиш со смртта
Ноќницата ќе ѝја купам на мајка
на улицата Верингер

Во петнаесет години ни еден збор на благодарност
ако го допрочитаме Толстој таа бара
повторно да почнам од почеток
не сака ништо друго
слепилото е најстрашно дете мое
Старите се неумоливи
Гогољ реков
бидејќи професорот рече
еднаш да се обидам и со Гогољ
тој ќе ја разведри мајка Ви госпоѓо Цител
таа не ми го дозволи тоа
Толстој само Толстој
Минатата недела сакаше да знае
кога сум загубила невиност
Многу се вцрвенивте госпоѓо Цител рече
тоа беше последен пат гласно да се засмее
Господинот Лукас не ги вози сестрите до дома
ама Нидеррајтерова да
најпрвин Нидеррајтерова
па дури потоа мајка му
Боже мој па ти си самото Незнаење
Нидеррајтерова беше веќе двапати мажена
прво со еден турски бег
а потоа со фабрикант за минерална вода
од него наследи сè
веројатно ќе отпатува заедно со господин Лукас за Оксфорд
Херта го има она добро спиење на глупавите
велеше професорот секогаш

ХЕРТА

Тоа не е вистина

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

И тоа како е вистина
ако знаете некое девојче
што би можело да Ви ја преземе грозната работа
рече
Јас помислив на тебе
кога се работи за створ во роднинска врска
реков дека сум роднина со тебе
*пегла кошула*
однадвор навнатре
треба да се пеглаат
тогаш нема да има фалти на јаката
Професорот еднаш дури мислеше
да те испрати во школа за негувателки
надвор во Гланцинг
Ама го одвратив од тоа
тоа не е за Херта реков
тоа само кошта пари а е гола вода

Во Грац само ќе му го носеше зимскиот
капут зад него
Или ѝги сечам ноктите
или ѝго читам Толстој

ХЕРТА

Господинот Лукас нема да биде дома за вечера

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Ми се чини како да сум во музеј
велеше професорот секогаш
Професорот беше сензибилен човек
Професорот Роберт сè уште пишува песни
Во недела во зима
секогаш ги читаше
Кога веќе еднаш ќе го оставиме април зад нас
веќе сме спасени рече професорот Роберт
*гледа на саат*
Во Нојхаус секогаш и дење и ноќе
само го рибав подот
тоа сега веќе нема да го правам
дури и госпоѓа професор сто пати да ме моли
за професорот правев сè
ама за неа нема
таа само командува

ХЕРТА

И тој само командуваше

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Ама тоа беше нешто друго

ХЕРТА

Зошто

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

Ти тоа не го разбираш
Професорот беше префинет човек
најпрефинетиот човек
што сум го знаела
во Нојхаус можам столовите на расклопување постојано
да ги изнесувам на тераса и
повторно да ги внесувам внатре
де сака надвор да седи
де внатре
Во Нојхаус госпоѓата професор е неподнослива
во Виена секогаш се совладува
овде не може така како што сака
На универзитет не смееше никогаш да оди
тоа ѝго забрани професорот
*ги зема тукушто испегланите кошули од куферот и*
*ги пребројува*
Сиот свој живот постојано
живеел во музеј рече професорот

Едноставно не смеел веќе да се врати
назад во Австрија
во Оксфорд имале убав живот
тоа ти не можеш ни да си го замислиш
професорот и во Оксфорд бил позната личност
Професорот Роберт ме покани во Салмансдорф
брат ми е мртов рече
сега можете во лето кај мене
ама да одам во Салмансдорф
не сакам
*ги положува изброените кошули назад во куферот*
Професорот Роберт постојано сакаше
да одам кај него во Салмансдорф
ама ќе полудев таму
професорот Роберт е на домашна нега
Толку стар човек во толку голема куќа
Професорот секогаш велеше
брат му Роберт ќе умре прв
професорот Роберт секогаш беше болниот
професорот секогаш беше здрав
брат ми Јозеф ќе биде прастар
велеше професорот Роберт секогаш
*се потпира на масата*
Клавирот го испратија пред другово
со брод
секогаш придавав најголемо значење
на тоа чорапите да бидат во ред
чорапите и кошулите
*оди до прозорецот и застанува покрај Херта*
Само што ќе дојдам до нејзиниот кревет
бара
да ѝ читам
*се врти и се обгледува во собата за гардероба*
Од сакатите
морате да се пазите госпоѓо Цител
рече
пред сѐ од слепите
Професорот беше познавач на луѓе
*открива прашина на масата, ја зема крпата за прашина и*
*ја брише масата, додека ја проверува површината од масата*
Госпоѓа професор веднаш ја гледа прашината
кога ќе влезе
Богатите виенчани се сите
закопани на Доблинговите гробишта
Мислам дека Матерсбурговата фабрика за оцет
уште ѝ припаѓа неа
Професорот никогаш не се грижеше за пари
*ја прегледува површината на масата, потоа се исправа*

Професорот го продаде станот само
затоа што таа постојано го преколнуваше
тој не требаше да го продаде станот
таа толку долго го преколнуваше
додека не го продаде
на еден Персиец
*директно кон Херта*
Веројатно е среќа
што веќе немаш родители
*се наведнува и брише прашина од ногарките на масата*
Оние без родители секогаш ги сожалуваат
рече професорот
а сепак тие се доживотно во предност
*станува и ѝ зборува директно на Херта*
Одвратна сум ти зарем не
знам што мислиш
шеесетгодишната ќерка која
остава да ја тероризира нејзината
деведесет и двегодишна мајка
*гледа во саатот, потоа кон влезната врата*
Кога професорот Роберт овде преноќува
цела ноќ не можам да спијам
непрестајно бара нешто
Кога ќе влезе овде
веднаш ќе му го поземеш шеширот
Дека Виена е мојата смрт
тоа отсекогаш знаев
рече професорот
Во Оксфорд сум исто толку малку дома
како и во Виена
*го зема оделото и го подига во вис*
Професорот сигурно знаеше
што прави
професорот не беше луд
професорот имаше остар ум
не беше заситен од животот
Семејството никогаш не го разбра
синот не го разбира
ќерките не го разбираат
Продуховениотникогаш не е разбран
рече професорот
продуховениот е секогаш неразбран
сосема сам оди продуховениот
низ својот живот
дури и кога сите смрзнуваат на негова страна
рече професорот
*го мириса оделото*
Не требаше да го дадам оделото на хемиско

моја вина е
ќе го замолам господинот професор Лукас
да ми го подариоделото
*го подига оделото во вис*
Триесет години професорот
го носеше оделото
*си подготвува игла и конец, за да ја сошие дупката во елекот*
Кога мораме да се разделиме и од саканилуѓе
*го става елекот на маса*
ете ни остануваат нивните сакани алишта
Па професорот и немаше друг избор
веројатно и времето беше виновно
уште и рече дека ќе ја земе госпоѓа професор
од кај фризерот Мор
таа секогаш одеше само кај фризерот Мор
секој четврток пред Јозефштат
*повторно го закачува оделото без елек и го закопчува*
*палтото, додека вели*
Синот му предизвика повеќе потешкотии
отколку ќерките
тие си ги направи послушни
професорот Лукас го уништи животот на татко му
Во Виена веќе подолго сѐ му одвратно
сега веќе само безволно одам в град рече
*директно кон Херта*
За тебе во Оксфорд ќе немаше примена
Сега веќе си толку долго овде
и уште ништо не разбираш
*погледнува кон елекот за крпење*
*гледа во куферите*
на крајот сепак сѐ мене
ми останува
никој друг освен мене
нема ништо направено во ова домаќинство
десет дванаесет тринаесет куфери
и торбите
среќа што има барем уште неколку маси и столови
и креветите
Веројатно професорот Роберт денеска ќе преноќи кај нас
Мајка ми никогаш не сфати кога ќе ѝкажев
дека сум преморена
*се обгледува во собата за гардероба*
Четириесет години и само ретко некој добар збор
Ама никогаш немав сила
да си одам
ни професорот никогаш не би го ставила сам
секогаш му требав
*директно кон Херта*

Кој еднаш отишол во голем град
не може веќе да се врати на село
Во вторник ќе одам кај мајка ми
Професорот отсекогаш мразел старечки домови
не го поднесувам мирисот на старечките домови
велеше секогаш
Гледајте госпоѓо Цител
да не се разболите
Вие не можете да си дозволите да бидете болна

ХЕРТА

*со крпа за прашина во раката гледа надолу кон улицата*
Господинот професор сакаше во Грац
да ми купи чифт чевли

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

И мене секогаш ми ветуваше чевли
кога ќе отпатувавме во Грац
но во Грац никогаш не ми купи чевли
толку често бев со него во Грац
но тој никогаш не ми купи чевли во Грац
*го затвора куферот, потоа погледнува нагоре кон Херта*
Дека треба на мајка ми да ѝ читам Толстој
тој ме убеди
Кога ќе дојдам прекасно мајка ми се заканува
и ме пцуе
*оди до Херта и благо ѝ ја притиска косата*
*двете гледаат од прозорецот*
Господата само што не дошле

Втора сцена

*Во паркот Волксгартен*
*Напладне*
*Тмурно време*

Comment [n14]: додадено од мене

*Ана и Олга си одат дома после погребот на татко им;*
*Професорот Роберт Шустер, нивниот чичко, заостанува во позадина, уште не може да се види; ама се гледа Бургтеатарот во магла*

АНА

*на неколку чекори пред една клупа застанува*
Ова беше најкраткиот погреб

што досега сум го доживеала
И најстравотниот

ОЛГА

*и таа застанува*
Ќе биде тешко
да се продаде куќата во Оксфорд
половина година ја бараа
и конечно во последен момент ја најдоа
и сега повторно мора да се продаде

АНА

*погледнува зад себе*
Татко се плашеше од Оксфорд
сите што ги знае
се веќе починати
та немаше да има никого веќе во Оксфорд
Виена му беше омразена
ама во Оксфорд немаше веќе ништо да најде
што би му било блиско
и во Оксфорд сѐ се сменило

ОЛГА

Огорченоста можеше да му се види
веќе не можеше ништо да поднесе
ама немаше ништо да помогне
дури и пред неколку години
да се вратеше во Оксфорд

АНА

Тогаш немаше да може
да ја добие катедрата
Професорот Штроцка сѐвложи во него

ОЛГА

Идејата ја имаше мајка

АНА

Мајка не сакаше никогаш повеќе за Оксфорд
ама сепак некако се помири со тоа
Мајка сакаше во Виена да се пресели
не во Оксфорд
ама сеедно е што сакаше таа
татко никогаш не се држеше до неа
нему секогаш му беше сеедно што мислеше таа
таа никогаш не го истакнуваше своето мислење
Оксфорд ми е кошмар
ама Виена секој денми е
многу поголем кошмар
веќе не можам овде да егзистирам
се будам и веднаш морам да се справам со стравот
приликите се денеска навистина такви
какви што биле во триесет и осма
сега во Виена има повеќе нацисти

отколку во триесет и осма
ќе видиш
сè лошо ќе се заврши
за тоа не ти треба веќе
ни изострен разум
сега повторно доаѓаат
излегуваат од сите дупки
што преку четириесет години биле затнати
доволно е да прозбориш со некого
и по кратко време ќе произлезе
дека е наци
сеедно дали ќе одиш во пекара
или на хемиско чистење во аптека
или на пазар
во Националната библиотека чинам
дека сум меѓу сè сами нацисти
сите чекаат само на сигналот
за да можат сосема отворено да тргнат против нас
*извикува*
Имаш време чичко Роберт
ќе те почекаме овде
*кон Олга*
Во Австрија мораш да бидеш
католик или националсоцијалист
ништо друго не се толерира
сè друго се уништува
и тоа стопроцентно католик
и стопроцентно националсоцијалист

ОЛГА
Мајка нема долго да издржи во Нојхаус

АНА
Во сабота игра во Јозефшат Мина фон Барнхелм
таму ќе оди сигурно
во Нојхаус ќе може да ја командува Цител натака-навака

ОЛГА
И Херта
и неа ќе ја земе со себе

АНА
Од Херта и онака не ни зависи ништо
таа може да си ја задржи ако сака
Цител не може веќе да ги извршува
грубите работи
Цител е уште сега главна куќна помошничка
и само во втора линија економка
Татко во последните години повеќе зборуваше со Цител
отколку со мајка
без Цител немаше ништо да мрдне понатаму

ОЛГА

Жива е уште мајка ѝ
АНА
Има деведесет и две години
во некој старечки дом во Крицендорф
татко го плаќал тоа
сега веќе нема да може
ОЛГА
Мајка нема само пензија
АНА
Уште ја има и
фабриката за оцет
и фабриката за фесови
иако веќе воопшто не се грижи за тоа
со тоа заработува огромни суми
дури ни татко не можеше да ги
срози фабриките
*му довикува на чичкото*
Овде чекаме чичко Роберт
имаме време
Цител зготвила нешто
*кон Олга*
Во Оксфорд сакаше да ја доврши својата книга
веројатно сега сето тоа е отидено неповрат
Клавирот го пратија однапред
каква глупост
сè додека можам да работам во Националната библиотека
сè си е во најдобар ред
мене често ми е тоа неподносливо
не ни можеш да си замислиш
колку тапоумни се тие луѓе
Директорот е еден неподнослив човек
за ручек седи точно на масата
наспроти мене
некој Салцбуржанец или Тиролец
секојпат уште со самото тоа што ќе се појави
ми го уништува апетитот
боже мој овие луѓе
ама кај нас и онака  с è  се пополнува само партиско-политички
луѓето можат да бидат до тој степен ограничени
и сепак да дојдат на највисоките позиции
насекаде седат само идиоти
тоа е она што и татко секогаш
го излудуваше
универзитетот е исто така полн со идиоти
заради тоа патеше цели дваесет години
штаерски токмаци салцбуршки идиоти
како колеги
духовниот живот во овој град

е веќе речиси задушен во подмолноста
и тапоумноста на ценкарошите со позиции
Од моите колеги се сигурно деведесет проценти нацисти
велеше татко
или ја застапуваат католичката
или националсоцијалистичката тапоумност
безобразни и подмолни се сите тие
градот Виена е една единствена тапоумна подмолност
Веќе не му бил возможен ни еден разговор
на крај го имаше само чичко Роберт

ОЛГА

Па ти не мораше
да одиш во Националната библиотека

АНА

Е како поинаку
без Националната библиотека воопшто
немаше да издржам
не знаев што да правам со својот живот
секако не мислиш
дека ќе можев да седам дома без работа
тоа никогаш не го можев
Да чекам на тоа што фабриките ќе го исфрлат како мајка
тоа отсекогаш ми било морничаво
Тоа посетите во Јозефштат се само една хировитост
која прибегнала кон болеста
Ќе одам на Мина фон Барнхелм
па тоа не е баш некоја интелектуална занимација
на овие луѓе театарот само им го регулираварењето храна

ОЛГА

Ако го нема театарот
нема да има ама баш ништо

АНА

Тоа е тоа бедното во сето тоа
всушност мајка беше уништена од татко

ОЛГА

А татко од неа

АНА

Луѓето секогаш заемно си се убиваат
брачните другари секогаш си се убиваат
прашање е само кој ќе биде прв сотрен
кој прв ќе дозволи да биде
уништен и сотрен
бракот и е изграден на таа основа
таму сите можат да си ја свиркаат својата песна
Нејзините напади се нејзиното средство за моќ
со тоа го имаше татко две децении на дланка
најпрвин веројатно не било глумење театар

веројатно и сега не е глумење театар
а сепак е глумење театар
болестите од овој вид
се вистински болести а сепак глумење театар
*му довикува на чичкото*
Не мора да се брзаме чичко Роберт
*кон Олга*
Ова е исто така крајот за чичко Роберт
само чичко Роберт не е тип на самоубиец
Луѓе како чичко Роберт
не се фрлаат од прозор
ниту пак се гонети од нацисти
тие најголемиот дел од времето го игнорираат она околу нив
опасно е само со оние како татко
кои непрестајно сѐ гледаат и сѐ слушаат
и заради тоа секогаш стравуваат
Чичко Роберт не стравува постојано
чичко Роберт до ден денес си го ужива животот
татко никогаш не си го уживаше животот
чичко Роберт е роден уживател
чичко Роберт исто така не мисли дека во Виена
впрочем има само нацисти
тој тоа го послушува ама не мисли така
воопшто не го допира
заради тоа и може да издржи во Нојхаус
татко никогаш не можеше да издржи во Нојхаус
Ни во Музикферајн не му пречи
што на концертите се сѐ само нацисти
чичко Роберт може да слуша Бетовен
без да мисли на партискиот собир на Рајхот во Нирнберг
татко токму тоа не го можеше
Ние секогаш повеќе сакавме да бидеме заедно со чичко Роберт
отколку со татко
уште како деца во секоја можна прилика трчавме
кај чичко Роберт
бидејќи татко ни беше премногу опасен
Мислителите отсекогаш биле тие опасните
наивните што непречено можат да го слушаат Бетовен
луѓето нив повеќе ги сакаат
Преку чичко Роберт ние имавме
убаво детство

ОЛГА

Ама и татко одеше редовно
во Музикферајн

АНА

Да ама секогаш му беше грозоморно
преку двојната напнатост
зашто музиката можеше да ја слуша

дури откако ќе ги пречуеше националсоцијалистичките ставови
на посетителите во Музикферајн
тој мораше што би се рекло да ги затне очите и ушите
за да може да слуша музика
Татко беше премногу компилициран за животот
Тој веруваше дека во Оксфорд ќе може
уште еднаш да започне од почеток
тоа беше заблудата
не оди дваесет години да се издржат во Виена
против сè во едно
а потоа сосем едноставно повторно да се врати во Оксфорд

ОЛГА
*набљудувајќи го чичко Роберт*
чичко Роберт никогаш не го разбра
татко

АНА Тие двајца се сакаа
повеќе се сакаа отколку сè друго
ама никогаш не се разбраа

ОЛГА
На чичко Роберт му реков
не мораш по ова ладно грозно време
да одиш на погреб

АНА
Ама тоа се подразбира само по себе дека братот
ќе оди на погребот на брат му

ОЛГА
Не мислев дека толку бргу
ќе заврши

АНА
Кога ништо не се зборува на гробот
и кога времето е волку лошо
и кога има толку малку луѓе
бргу оди
На Доблинговите гробишта се осеќам
како дома
во Виена не
ама на Доблинговите гробишта секогаш се осеќам
како дома
тоа е оттаму зашто со родителите толку често
одевме на Доблинговите гробишта

ОЛГА
*за чичко Роберт*
Чичко Роберт остаре
секогаш застанува овде
и ги набљудува враните

АНА
Тоа го прават сите
што не доаѓаат до здив

тоа потоа се помешува со
љубов кон животните
Чичко Роберт секогаш беше
професорот по филозофија
ама татко беше пофилозофски
Некое време чичко ви Роберт заостана
рече татко
најпрвин двајцата исто се развивале
но некое време чичко Роберт заостанал
ама чичко Роберт отсекогаш беше
добронамерен човек татко тоа не беше
татко отсекогаш беше непресметлив
Впрочем татко беше секогаш
венчан само со Цител
мајка нему секогаш само му одеше на нерви
со мајка веќе не знаеше што да прави
додека Цител сè повеќе и повеќе
се развиваше во вистинска сопруга
мајка само му се претвори во некоја споредна работа
и впрочем му стана само напорна
му беше споредна
таа веќе не вложуваше напори
вашата мајка има празна глава
велеше татко секогаш со деценији
Цител конечно со него
разговараше само на англиски
а филозофска дебата беше
и возможна само со госпоѓа Цител
Мајка во глава ја имаше само уште
фабриката за оцет и фабриката за фесови
Цител го читаше Декарт и Спиноза
Цител беше неговиот створ
мајка не можеше да биде тоа
и не сакаше да биде тоа
мајка го владееше само уште општествениот однос
а тоа не го интересираше татко
татко мразеше општество и друштво
тој себеси се нарекуваше општество и
друштвомрзец
Чичко Роберт многу радо одеше
на друштвени собири
дури и на најодвратните

ОЛГА

*додека Ана гледа во спротивен правец оди кон чичко Роберт, кој оди со два бастуна, и го води до клупата*

Цител готви уште еднаш
Утре е последниот појадок
во станот

Ти сигурно нема да одиш денеска во Нојхаус назад
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Нене руските врани се уште овде
ОЛГА
Цител во секој случај ќе дојде со тебе
во Нојхаус
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
*кон Ана, која се заврти*
Значи кога одите за Оксфорд
АНА
Задутре чичко Роберт
како што планиравме
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Нема да биде лесно
да се продаде куќата
толку се потруди да ја најдеш
АНА
Во Англија ваква куќа
тешко се продава
прво не се наоѓа
а после не може да се продаде
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
мислам дека ваква куќа
може да се продаде само со загуба
АНА
Може ќе останеме со Лукас некое време
во Оксфорд
куќата не е наместена
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
За тие пари во околината на Нојхаус ќе најдевте
убав голем посед
АНА
Татко сакаше да се врати во Оксфорд
не во Нојхаус
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Тоа беше грешка што мислеше
дека ќе може туку-така да се врати во Оксфорд
на крај увиде
дека нема да може
Јас толку се навикнав на Нојхаус
*се обгледува*
Виена ми е премногу напорна
во ова време
во март Виена не е за мене
до пред почеток на јуни не е за мене
АНА
Во Нојхаус ништо не пропушташ
мајка е среќна што те има во Нојхаус

мајка без тебе би пропаднала во Нојхаус

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Во Нојхаус се само стари луѓе
кои веќе не се враќаат во Виена
Стари и болни и сакати
ама јас уште од дете го сакав Нојхаус
на мајка ти ѝе малку потешко
таа отсекогаш го мразела Нојхаус
никогаш ништо не мразела како Нојхаус
татко ја протера во Нојхаус
сега се навикна на тоа
Ама по цел ден седи во својата фотелја
или на тераса или во трпезарија
Врз оваа жена е фрлена клетва
Кога би била само книжевен лик
ама таа е сепак вистинска
му велев секогаш на татко ви
тоа е несреќата

ОЛГА

Сакаш да седнеш

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

*седнува на клупата со помош на своите внуки*
Во Виена е во март уште длабока зима
Крај на јануари виенчаните велат веќе е пролет
ама крај на март е уште длабока зима
Во времето додека уште бев на универзитетот
за ручек одев секогаш во Фолксгартен
татко ви не
тој секогаш веднаш одеше отспротива во Херенгасе
не можам да се сетам
дека барем еднаш отишол во Фолксгартен
освен за појадок
него често го јадеше и во Мајерај

АНА

Во Нојхаус нели улицата
ќе се гради низ градината
направи ли нешто против тоа

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Тоа ќе трае со години
тоа веќе нема да го доживеам
за помалку од пет шест години улицата нема да се изгради
тоа веќе нема да го доживеам

АНА

Ама тоа го обезвреднувапоседот

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Можно е

АНА

Мајка напиша едно протестно
писмо до градоначалникот

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Знам тоа
јас не протестирам
јас не протестирам против ништо
јас не протестирам против ништо повеќе
сите протести се забрануваат на крајот од животот

АНА

Треба да напишеш едно протестно
писмо до градоначалникот
и до министерството
кога ќе го сториш тоа има тежина
повеќе тежина од било што друго

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Не пишувам протестно писмо
мене ми е сосем сеедно
дали улицата ќе се гради низ градината или нема

АНА

Ама тоа е бесмислено
барем од љубов спрема нас треба да го напишеш протестното писмо

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Колку сум протестирал во животов
и воопшто ништо не помогнало

АНА

Треба само да потпишеш
ние ќе го составиме протестот
а ти ќе го препрочиташ
а ние ќе го препишеме одново
и ти само ќе потпишеш

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Мене ми е сосем сеедно дали улицата ќе се изгради
или нема
за мене тоа веќе нема никакво значење

АНА

Татко сигурно ќе преземеше нешто против тоа
убавата градина со јаболкници

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Ни татко ви немаше да ме натера на такво нешто
да напишам протестно писмо
да доколку сакаат куќата да ми ја срамнат со земја
ама вака
јаболкниците се и така стари
најдоцна со мене и тие ќе свенат
Во Нојхаус не ми се потребни непријатели
Тоа што го прави мајка ви не е моја работа
тоа си е нејзино
ама мене морате да ме оставите на раат со тие ситници

*ја дофаќа раката на Ана*
Ти си секогаш истата
борбена храбра и борбена
Во Нојхаус сакам да сум раат
не можам да се ставам на нож со градоначалникот
На крајот на краиштата ова е мојата животна квечерина
и таа само што не завршила
АНА
Не ти е многу ладно на клупава
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Не ми е ладно
Татко ви секогаш сѐ вложуваше на една карта
мене неговото самоубиство не ме изненади
Дури и долго траеше
пред половина година требаше да оди во Оксфорд
сега беше прекасно за него
секогаш велеше
од Виена човек може веднаш да се изгуби
или да се убие
Да бидам искрен
јас никогаш не мислев на самоубиство
татко ви со таа помисла си играше уште како мал
тогаш уште не ни разбирав што е тоа самоубиство
а тој веќе размислуваше за тоа
Одлучувачки беше сепак тоа
што виенскиот градоначалник лично
го побара да се врати назад во Виена
тој го намами на катедрата
Ама сепак тоа беше грешка
токму наспроти Плоштадот на хероите
да купи стан
кога му се нудеше стан и во Гринцинг и во Зиверинг
Јас веднаш го одвраќав од внатрешноста на градот
ама не ме слушаше
мајка ви беше првата жртва
на оваа несреќна одлука
Најдобро се разбиравме
кога татко ви беше во Оксфорд
а јас во Кембриџ
вистински близок однос би рекол
Јас бев прилагоден
да се вратам назад во Виена
а татко ви не беше
добро јас си го имав секогаш мојот сакан Нојхаус
во позадина
вашиот татко не
јас на село секогаш сум се чувствувал убаво
татко ви го мразеше селото

Comment [n15]:

ништо не мразеше толку како селскиот живот
Мајка ви која исто толку многу го мразеше селскиот живот
ја протера во Нојхаус
и себеси се уништи во Виена
секоја година во Виена за него беше уште еден голем чекор
кон внатрешноста на неговиот несреќен крај тоа е вистината
татко ви имаше поостар ум
и беше со посензибилен карактер
На Нојхаус секогаш се истураше
ова можам да го издржам само неколку часа
ова е смртна казна за продуховен човек
имаше право
*Олга седнува на клупата*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

На некој начин
исто како и мајка ви
страдаше од параноја

АНА

*жестоко*
Параноја
како можеш да кажеш такво нешто
И самиот знаеш каква е ситуацијата
дека сè е многу полошо
отколку во триесет и осма
и сè ќе стане уште постравотно
непријателството се покажува сосема отворено
омразата кон Евреите уште сега се покажува отворено
Ти велиш дека ништо не гледаш и не слушаш
зашто не сакаш да слушнеш и да видиш
зашто со староста ти преседнале
слушањето и гледањето
тоа е разликата
на татко за четириесет години во Виена
не му преседнаа слушањето и гледањето
ниту пак на мајка
па белким не мислиш навистина
дека ги глуми нападите
па белким не го мислиш тоа навистина
би било перфиднотоа да се мисли
Прости чичко Роберт
но ти секогаш си бил без слух
и никогаш ништо не си видел
додека нашите родители секогаш сè слушале и гледале
Ти си прибегна кон својата старост
забораваш дека татко е само две години постар
од тебе
И тој уште еднаш ќе отидеше во Оксфорд
знаеш што значи тоа

тој уште еднаш ќе се вратеше назад во Оксфорд
бидејќи не можеше веќе да ја издржи виенската атмосфера
додека ти во Нојхаус
си се повлече задстароста
Во Нојхаус ништо не гледаш и ништо не слушаш
во Виена ама слушаш и гледаш сѐ
и тоа секој денсо сѐ поголема јасност
Евреите во Виена се плашат
отсекогаш се плашеле
и секогаш ќе се плашат
на Евреите не може да им се земе стравот
никој не им го одзема
Во Нојхаус нема што да се плашиш
у ш т е  не
на село не ни знаат
што е Евреин

ОЛГА

Може треба да продолжиме

АНА

*на Олга*
Ти мислиш како чичко Роберт
мислиш сево ова не е толку страшно
додека ова е дури и најстрашно
цело време си се убедуваш дека не е вистина
она што не смее да биде вистина
секогаш си се повлекувала
од вистината
како чичко Роберт во Нојхаус
вие обајцата ништо не гледате
вие обајцата ништо не слушате

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Јас те разбирам
ама не смееш да се возбудуваш за нешто
што не може да се смени
виенчаните се еврејомрасци
и секогаш ќе останат еврејомрасци
сѐ до вечноста
тоа и јас го знам
ама белким не мислиш
дека заради тоа ќе си го згрозам животот
тоа не можеш да го бараш од мене
живеам во Нојхасу и еднаш неделно се одвезувам в граддо Музикферајн
сакам да сум раат
младината секогаш си ја чука главата

АНА

Татко се утепа
а вас причината за тоа ве остава сосема рамнодушни

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

*ѝ покажува да седне до нив на клупата*
Овие дебати не водат никаде
јас веќе не сум волен
да ги водам овие дебати

АНА
*седнува*
Тоа е она страшното
тоа е тоа стравотното

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Точно знам што се случува
но веќе не му се препуштам на тоа
не сакам веќе да му се препуштам на тоа
тоа не може веќе никој да го бара од мене
јас сум стар човек тоа не е оправдување
ама сепак можам да очекувам разбирање нели

АНА
Цел Нојхаус ќе биде уништен
кога ќе се изгради улицата низ градината
е тоа ќе значи крај за Нојхаус

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
За тоа ќе мора непрестајно
дење-ноќе да се протестира
потоа насекаде сè ќе биде уништено
насекаде ќе се уништи природата
природата и архитектурата сè
Наскоро сè ќе биде уништено
цел свет наскоро нема да може да се препознае

АНА
Ама доволно е да го ставиш твојот потпис
под протестното писмо
само името

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Веќе со години не потпишувам ништо
Веќе со децении не протестирам за ништо

АНА
Тоа е тоа стравотното
што сите непрестајно се возбудуваат
ама не протестираат
сите постојано се возбудуваат за сè
ама нема кој да направи нешто против тоа

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Една сосема бесмислена улица
знам тоа
тотално нагрдување на Нојхаус
ама не потпишувам никаков протест
Целиот живот е еден единствен протест
и ама баш ништо не помага
сите само се затвораат со своите протести

денес против сѐ се протестира
и ништо не помага

АНА

И тоа ги имаш најдобрите врски
со министерствата
познаваш толку многу влијателни луѓе
и со поголем дел си дури и пријател

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Веќе не се мешам во ништо
животот ми е повеќе или помалку завршен
мене ми е сосема сеедно што се случува со Нојхаус
како што ми е сосема сеедно  што се случува со другите места
сите нека прават што сакаат
веќе нема да протестирам против ништо
тоа не значи дека не сум против тоа
јас сум речиси против сѐ
ама да протестирам како што ти тоа си го замислуваш не
Мојот потпис веќе не го давам
Барем во Нојхаус сакам да имам мир и спокој

ОЛГА

Нема само да се изгради улица низ градината со јаболкници
градат и улица низ шумата
во мај пола шума ќе ја исечат

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Знам тоа
не ми се измолкнува тоа
дека сѐ ќе се уништи
вие се однесувате како јас ништо да не знам
знам и тоа дека ќе се руши старото училиште
ама веќе не протестирам
за тоа сте вие овде
следната генерација
светот уште денеска е сосема уништен
сѐ на сѐ неподносливо грд
човек може да оди каде сака
светот денеска е само грд
и потполно и целосно тапоумен
кај и да погледнеш сѐ е пропаднато
кај и да погледнеш сѐ е запуштено
човек најмногу што посакува е веќе да не се разбуди
во последните педесет години властите
сѐ уништија
и веќе не може ни да се поправи
архитектите сѐ уништија
со својата тапоумност
интелектуалците сѐ уништија
со својата тапоумност
народот сѐ уништи

со својата тапоумност
партиите и црквата
уништија сè со својата тапоумност
која отсекогаш била подмолна тапоумност
а австриската тапоумност е потполно и целосно одвратна
Индустријата и црквата
се виновни за австриската несреќа
црквата и индустријата отсекогаш биле
виновни за австриската несреќа
па властите секогаш зависат потполно
од индустријата и црквата
тоа отсекогаш било така
а во Австрија отсекогаш сè било најлошо
сите секогаш само трчаа по тапоумноста
духот отсекогаш се газел под нозе
Индустријата и црквата ги влечат конците
на австриското зло
Впрочем многу добро можам да го разберам татко ви
мене само ме чуди што целиот австриски народ
уште одамна не извршил самоубиство
ама Австријците севкупно како маса
се денес само брутален и глупав народ
Во овој град би морал секој што гледа
катадневно денонoќно да пука околу себе
*гледа во правец на Бургтеатарот*
Она што му остана на овој сирот незрел народ
не е ништо друго освен театарот
Самата Австрија не е ништо друго освен бина
на која сè е распаднато, расипано и пропаднато
статисти кои меѓусебно се мразат
шест и пол милиони на број оставени сами
шест и пол милиони дебили и болни од беснило
кои непрестајно на цел глас врескаат по режисер
Режисерот ќе дојде
и засекогаш ќе ги турне надолу во провалија
Шест и пол милиони статисти
кои од страна на неколку криминални главни ликови
кои седат во Хофбург и на Плоштадот Балхаус
секој ден се укорувани
и на крај турнувани во провалија
Австријците се опседнати со несреќи
Австриецот и по природа е несреќен
и ако е некогаш среќен се срами поради тоа
и ја прикрива својата среќа во очај

АНА

Татко впрочем сè виде како што треба
татко секогаш бил доследен

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Ни да се фрлиш од прозор
не е решение
иако што се однесува до татко ви
тоа била доследноста
Татко ви никогаш не гледал излез
Едноставно веќе нема да одам меѓу луѓе
веќе не одам меѓу луѓе
и значи не слушам што зборуваат
и не им ги гледам суратите
ама татко ви не можеше да издржи без луѓе
јас бев доволно силен да одам во Нојхаус
татко ви не беше во состојба да го направи тоа
Веројатно во Оксфорд тотално ќе потфрлеше
Оксфорд од илјада деветсто осумдесет и осма
не е веќе Оксфорд од илјада деветсто педесет и осма
и Англичаните имаат фашистички темели
тоа секогаш се заборава
и Англичаните си го имаат фашизмот
во Оксфорд имаше и уште има
омраза кон Евреите
Во Европа е сеедно каде оди Евреинот
насекаде го мразат

АНА

Не треба толку да се напнуваш чичко Роберт

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Не се напнувам
ама повремено сепак си дозволувам по некоја возбуда
за да не мислите
дека веќе сум мртов тоа не сум напротив
телото ми е лом ама главата секој ден
одново се раѓа
тоа е ужасна состојба
рано наутро не можам да си замислам
повторно да станам на нозе
ама не се откажувам
не попуштам и не се откажувам
се разбира дека веќе не би можел да живеам во град
кој би помислил дека уште еднаш
ќе се преселиме надвор во Нојхаус
и уште и среќни да сме заради
летната свежина од детството
како прибегнување кон староста
Многу често размислував дали татко ви
не е луд или откачен
ама повторно и повторно му успеваше да одржи прецизно предавање
татко ви имаше математичка глава
математичка филозофска глава
целосно австриска духовна специјалност

Ривалство меѓу нас
никогаш немало
Ниту воодушевеност
Респект сме имале отсекогаш тоа беше сè
покрај љубовта меѓу браќа
Обајцата многу бргу се
оттргнавме од родителите
јас во филозофијата Јозеф во математиката
притоа татко ви беше пофилозофската глава
јас секогаш бев професорот тој филозофот
Наследството од велеграѓанството
нè оптоваруваше цел живот
нашето мислење сè повеќе се оддалечуваше едно до друго
секогаш беше спротивставено
во Виена родени тоа цел живот ни даваше многу сила
А толку многу неразбирање за сè наоколу
тоа секогаш можеше да биде само фатален живот
една таканаречена фатална егзистенција ниедна друга
Англија доста ни годеше
на човек секогаш добро му доаѓа да оди во странство
оној што оди во странство профитира во секој случај
Ама тој што толку долго бил во странство како ние
па уште и во Англија
тој не смее веќе да се врати
а особено не во Виена
во Виена ќе го маваат по глава сè додека
не биде уништен
Му реков дека не треба веќе да се враќа назад во Оксфорд
ама не можеше да се разубеди
мајка ви беше против
тој не ја слушаше
Ама сите ние се разбира имаме мизерен крај
*сака да стане, ама не му успева*
Имаме време
во испразнетиот стан
и онака веќе не е пријатно
ќе беше подобро да јадеме во Амбасадор или во Захер

АНА

Цител не сакаше да пропушти
да направи говедско печење

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Цител е впрочем средиштето на сè

АНА

Лукас најпрвин ќе ја одвезе Нидеррајтер дома
прави обиколка преку Хителдорф

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Тоа е глумицата нели

АНА

Веќе одамна не глуми
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Па колку долго ја знае
АНА
Две-три години
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Добра ли е мислам на бина
АНА
Никогаш не сум ја гледала
наводно глумела во Бургтеатар
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Во Бургтеатар играла
некоја главна улога
АНА
Наводно да
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Тогаш не може да биде толку лоша
АНА
Сега и во Бургтеатарот се глуми толку лошо
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Тоа е тажно
што дури и во Бургтеатар се приредува само лош театар
веќе со години не одам веќе во театар
на концерти да во Музикферајн да
па уште добро слушам
АНА
Пиесите се за нигде
и глумците се за нигде
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Оваа Нидеррајтер не беше двапати мажена
АНА
Да
ОЛГА
Со еден турски бег
и со еден фабрикант за минерална вода
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Зошто Лукас секогаш се впушташе
само со такви луѓе
глумици танчерки па тоа не е ништо
И мајка ви беше глумица
тоа сосема го заборавив
и таа се разбира никогаш не глумеше во Бургтеатарот
само во Грац колку што можам да се сетам
АНА
Си ја гледал некогаш во театар
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Со една мала улога
веќе не знам во која пиеса

Comment [n16]:

многу одамна беше
Како деца сите ние глумевме театар вистински театар
или горе на таванот
или во Салети во Нојхаус
Крај на август
тогаш конечно бевме готови со учењето
една единствена изведба сосема приватно
само пред одбрана публика
тоа е секако малку забегано што ја вози Нидермајер
дома заедно со мајка во кола

АНА

Безвкусно
ама брат ни отсекогаш бил таков
Дента на погребот на татко му тој ја седнува Нидермајер до мајка в кола
тоа може само на Лукас да му текне
тој воопшто не ни помисли нассвоите сестри
да нѐ одвезе дома
а и тебе можеше да те одвезе дома

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Јас секогаш повеќе сакам со такси да се возам
и никогаш до пред куќа
секогаш оставав да ме симнат кај Бургтеатарот
и потоа да одам пешки низ Фолксгартен
ова е веќе неколку декади вака
*гледа кон парламентот*
Сега веќе сѐпадна најниско што може
не само политички гледано сѐ
луѓето културата сѐ
за неколку децении сѐ се изигра
тоа веќе ни со векови не може да се поправи
кога ќе се помисли што била некогаш
оваа Австрија
на тоа не смее ни да се мисли
токму тоа го предизвика и самоубиството
Јас никогаш не сум бил приврзаник на монархијата
тоа е сосем јасно
никој од нас не беше
ама што направија овие луѓе од Австрија
тоа е неописливо
септичка јама без дух и култура
која својата пенетрантна смрдеа ја шири низ цела Европа
и не само низ Европа
овој мегаломански републиканизам
и овој мегаломански социјализам
кој веќе половина век нема никаква врска
со социјализам
она што социјалистите изведуваат овде во Австрија
не е ништо освен криминално

и социјалистите денес не се веќе социјалисти
социјалистите денес не се впрочем ништо друго
освен католички националсоцијалисти
социјализмот австриските социјалисти
го убија уште во раните педесетти години
оттогаш нема веќе социјализам во Австрија
само овој квази социјализам што ти создава нагони за повраќање
од кој секој ден уште рано сабајле ти се одјадува
овие таканаречени социјалисти го предизвикаа
денешниот националсоцијализамво Австрија
овие таканаречени социјалистидури и го овозможија овој
нов националсоцијализам
не само што повторно го овозможија
го предизвикаа
овие таканаречени социјалисти кои веќе половина век
не сеповеќе социјалисти
се всушност вистинските гробари на оваа Австрија
тоа е она застрашувачкото и катадневно грозното
социјалистите се денес експлоататорите
социјалистите ја носат Австрија на совест
социјалистите се гробарите на оваа држава
социјалистите се денес капиталистите
социјалистите кои не се веќе социјалисти
се всушност вистинските криминалци за оваа држава
наспрема нив онаа католичка банда е толку безначајна
Ако денес во Австрија повторно има само националсоцијалисти
тогаш за тоа се виновни само социјалистите
Акое Австрија денес овој пропаднат народ
и оваа грда и потполно и целосно расипана земја
тогаш за тоа треба да им се заблагодариме на овие тромави и дебели квази социјалисти
квази социјалистичка перфидност како демократија е тоа
зборот социјализам во моите уши е веќе одамна
одвратна пцовка
од која исто толку се плашам како и од зборот националсоцијализам
сите овие партии
ама впрочем и сите Австријци заедно
се денес гробарите на својата земја
овде сè ѝ е препуштено на подмолноста
и со секој ден се задушува во безобразието и лицемерството
Ама јас сум стар и веќе немам желба
било каде да се замешам
не би ни имало смисла
кога веќе сè смрди на гнилеж
и каде сè вреска по сотирање
гласот на поединецот е станат залуден
не е баш дека против овие злокобни процеси
ништо не се вели и ништо не се пишува

Comment [n17]:

секој ден се вели нешто против тоа и се пишува
нешто против тоа
ама ова кажаното против и напишано против
никој не го  слуша и никој не го чита
Австријците веќе ништо не слушаат и веќе ништо не читаат
тоа значи тие слушаат нешто за катастрофалните состојби ама ништо не
презeмаат против тоа
Австријците станаа народ со потполна рамнодушност
кон своите катастрофални состојби
тоа  е нивната несреќа тоа е нивната катастрофа
*сака да стане, ама не му успева*

ОЛГА

Можеме комотно уште да си поседиме
веќе не сме далеку
Ана мисли дека можеби подолго време
ќе остане во Оксфорд
може да побара библиотеката да ја ослободи од служба
тоа не е лоша идеја мислам

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Австријците се уште одамна осудени на смрт
само уште не знаат
уште не успеале да забележат
пресудата е уште одамна донесена
погубувањето е само прашање на време
според мое мислење се наоѓаме непосредно пред спроведувањето на казната

АНА

Мајка уште вечерва ќе оди за Нојхаус
Лукас ќе ја одвезе до таму
Цител доаѓа во сабота
Госпоѓа Кронебергер ти ја грее
и работната соба

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Се разбира
ако ја немав Кронбергер
Нојхаус ќе ми беше потполно невозможен
Во Виена не би можел веќе да егзистирам
Зграда без лифт
тоа за мене не доаѓа предвид
причината што толку ретко ви идам на гости
е тоа што нема лифт во зградата
на трети кат
тоа е катастрофа за мене
Лекарот апсолутно ми забрани
да се качувам по скали
секаков напор

АНА

Се надевам погребот
не беше премногу

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Краток беше
и добро сум облечен
ова е уште зимскиот капут
од дедо ви
со него дедо ви беше веќе во Русија
илјада деветсто дваесет и втора кога ќе си помисли човек
*гледа кон Бургтеатарот во позадина*
Секоја епоха е ужасна
велеше дедо ви секогаш
ама тоа ќе го забележите дури кога ќе остарете
Колку ми се гади мене овде
само не зборувам за тоа
ама цело време мислам
колку ми се гади од сè
државата е септичка јама што смрди и е смртоносна
црквата белосветска подмолност
луѓето наоколу
крајно грди и тапоумни
претседателот препреден лажлив примитивец
и сè на сè карактер што депримира
премиерот лукав ценкарош со државата
папата во своите одаи
дава таканаречено јадење за бездомници
и остава овој факт да се рашири низ светот
циничен свет
цел свет е еден единствен цинизам
мегаломански глумци
го злоупотребуваат Сахеловиот појас
перверзни директори на Каритас
патуваат со авион во прва класа до Еритреја
и за светските весници
се сликаат со изгладнетите
премиерот во одело со тенки риги излегува на подиум
и брбори за другари и другарки
водачите на синдикати во своите вили во Залцкамергут
жонглираат со милијарди
и својата главна задача ја гледаат во бескрупулозни зделки со банките
Разјадени писатели
одат во затвори
и на затворениците им го читаат
своето лажливо ѓубре што треба да е уметничко дело
циничен свет
еден потполно и целосно запуштен свет
со кој јас не сакам да имам веќе ништо
На крајот на краиштата татко ви беше послабиот
не можеше веќе да го додржи овој притисок
едноставно премногу му беше

**Comment [n18]:** додадено од мене за да се знае дека се мсили на социјалистичко обраќање -

**Comment [n19]:**

филозофските цаки ништо не му помогнаа
кога премногу ќе се затегне лакот
токму тогаш под дадени услови доаѓа и до катастрофи
Татко ви во Нојхаус незамисливо
во Нојхаус немаше да може ни книгата
да ја допише
тишината секогаш му сметаше
галамата не му сметаше само тишината
а во Нојхаус е најчесто речиси совршена тишина
тоа не беше татко ви
некој кому му треба тишина
што може да работи само во тишина
напротив што похаотично околу него
толку поголема инспирација
оваа околност ја дели со сите оние руски писатели
кои сиот живот оддадено ги обожаваше
Толстој Достоевски Гогољ Тургењев
тоа и беше неговиот свет
дури ни филозофијата
руските писатели беа тие
не францусците и не англиските
руските
и музиката
ама во последно време
ни руските писатели
ни класичните композитори не му беа доволни
сево ова не е ништо ми велеше мене
и не е толку одамна кога ми рече
мене денес не ме интересира веќе ни литература ни музика
сè е само една единствена голема објава на банкротот
на крај се збунив во сметањето
веројатно во сметањето на сопствената мегаломанија рече
не ги разбирам повеќе знаците на времето
знаците на времето не ги разбира никој
Најголемото разочарување во животот
ќе му беше Оксфорд
бар беше поштеден од тоа
еден таков смртен случај е и големо помирување
верувајте ми
еден ваков смртен случај потполно ја одзема
морничавоста
баш напротив
тоа што го загубив брат ми значи само
знам дека сега му е подобро
да не се биде повеќе е целта
би било стравотно
уште еднаш да се дојде на свет и сево ова уште еднаш
тоа е најстравотната мисла

окончувањето е целта
тоа е единствената утешителна мисла
*сака да стане, најпрвин не му успева, потоа сепак со припомош*
*од неговите внуки*
Тоа цел живот ми беше најголема предност
што никогаш не верував во бога
и што секогаш знаев
дека окончувањето е целта
можете да бидете мирни
тоа го мислеше и татко ви
Сиот живот не е ништо друго
освен постојано нанесување болка
сиот живот е една единствена болка
сите постојано се лажат едни со други доживотно
Црквата на повеќето им го заменува мозокот
таа на секој поединечно му го става на располагањесвојот единствен бог
што би се рекло го изнајмува својот сакан бог
и тоа не само на деведесет и девет години
туку доживотно на секој поединечно
и таа тоа го презема на своја одговорност
и не мислам само католичката
сите религии на секој муго изнајмуваат својот сакан бог
верата не е ништо друго освен однос на изнајмување
милијарди изнајмувачи годишно им ја плаќаат каматата за изнајмување
на своите цркви
и прокопсуваат заради тоа

АНА

Татко не сакаше
да се отпечатат некролози

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Најмногу од сѐ ме изненади
што човек како татко ви
направил тестамент
и уште со прецизирани желби
тоа ми е на пример сосем неразбирливо
сѐ на него отсекогаш говорело против такво нешто
Брат ми и тестамент
сметав дека тоа е невозможно

АНА

Куќата во Шалххам
ѝја остави на Цител

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Тоа знаев
дека куќата во Шалххалм ќе оди на Цител
тоа и е правилно
таа тоа и си го заслужи
На крајот на краиштата Цител беше најважниот човек
што го имал

Снаа ми мајка ви
сепак на крај го заседе само второто место
ама тоа не е никаква тајна
Шустеровите сорпуги
никогаш не биле на прво место

АНА

Вечер Цител ќе оди во слаткарницата Слука

Comment [n20]: додадено од мене

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Се надевам ќе ми донесе одмојата погачка со паштета од дивеч

АНА

Се разбира чичко Роберт
Ти ќе останеш и да ноќеваш во Виена

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Сигурно ќе ви отвори работа
ама денеска не можам да се враќам во Нојхаус
тоа би ми дошло премногу
јас сум секако со сѐ задоволен
најважно е да имам соба само за мене
Па има ли воопшто уште мебел во станот

АНА

Секако чичко Роберт

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

*кон Олга*
Ти уште како дете беше молчеливата
Да се молчи не е несреќа дете мое
Никогаш не помислив дека Јозеф
ќе умре пред мене

АНА

Се надевам сево ова не ти беше
премногу чичко Роберт

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Тесноградоста и поганоста на Австријците
отсекогаш го возбудуваа татко ви
Можеби требаше уште веднаш во седумдесеттите години
повторно да се врати назад во Оксфорд
Секогаш мислеше
дека јас ќе умрам порано од него
та јас бев тој болниот од срце
тој секогаш беше здрав

ОЛГА

*на Ана*
Можеш да ми го дадеш твојот шал

АНА

*го вади шалот и ѝ го дава на Олга*
сирота сестра се смрзна

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Морате да ја проучувате староста
младите луѓе треба што порано

да отпочнат со тоа
старите луѓе треба секогаш да ги проучувате велам секогаш
тие што изумираат

ОЛГА

Мислиш дека татко во Оксфорд
уште еднаш ќе беше среќен
*си го мота шалот со двете раце*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Не верувам дека ќе беше така
татко ви веќе со децении беше
несреќен човек
тоа ќе беше и ако останеше во Англија
педесет и петта не можеше
да се одварти
од идејата да се врати во Виена
беше како опседнат од неа

ОЛГА

Мајка беше секако против тоа

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Мајка ви беше секогаш против тоа
мајка ви во Англија ја мразеше Виена
ниеден добар збор не кажа за Виена
или за Австрија
Не ни помислувам на тоа
да се вратам во Виена
виенчаните подмолно те исфрлија
помисли само на колегите на универзитет
велеше секогаш
сите се подбуцнувачи против Евреи
Не ја слушаше
дури и дента кога требаше да се отпатува
таа ми рече
Во Виена нè очекуваат само страbotии
ќе видиш Роберт тоа ќе ни биде крајот
мајка ви сè предвиде
татко ви ни во Виена не успа да се привикне
новите виенски колеги го мразеа уште од самиот почеток
кога го пресретнуваа секогаш со ступидна одбивност

ОЛГА

Многу работи не разбирам
и не ни сакам да ги разберам

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Оксфорд нему му беше исто така мал и тесен
атмосферата во Оксфорд самиот тој секогаш
ја опишуваше како малограѓански примитивна
човек како него мораше и во Оксфорд
да се чувствува притеснето и затворски
знам како беше во Кембриџ

овие англиски студиски градови се впрочем грозоморни
како што наскоро на човек сè англиско ќе почне да му оди на нерви
Разбрав дека сака да се врати назад во Виена
ама можеше да се претпостави
дека нема да се оствари тоа
Од една страна Виена го примами назад
од друга страна уште веднаш го имаше измамено
Никој не стоеше зад него
сите беа против него се разбира
бидејќи тој ги надминуваше сите
не можеа да поднесат
дека повеќе или помалку на сите им беше надреден
Кога би можел да живеам во Лондон
велеше секогаш
Оксфорд не е Лондон
ама од што ќе живеам во Лондон
сигурно не од фабриката за оцет на жена ми
Искрено кажано ј а с з а р а д и м у з и к а т а
се вратив во Виена
веројатно само заради музиката
ама ако сум искрен
по моето враќање веќе не ми се допадна ниту еден концерт
Валтер Клемперер Клебер Барбироли боже мој
сите тие се мртви
Секогаш се враќав дома разочаран
ама повторно и повторно одам во Музикферајн
сè додека можам да ползам
Знам уште и тоа дека татко ви еднаш рече
Одам на Маријахилферштрасе
ја барам Маријахилферштрасе
веќе сум на Маријахилферштрасе
ама не ја наоѓам
да се проучува некој несреќен човек
тоа беше возможно на татко ви како кај никој друг
*гледа кон зградата на парламентот*
Целата несреќа не е ништо изненадно
Сакаше и музиката
сакаше и детството
повторно да ги има
Ама винчаните не беа веќе такви
какви што тој ги имаше во сеќавање
Австријците веќе не беа такви
ништо веќе не беше такво
Ама сеќавањето секогаш нè измамува
сеќавањето е секогаш една тотално погрешна слика
Со катедрата во Виена да се подбивам
не можам рече
не сметал на тоа

дека Австријците по војната
били со повеќе омраза и со понепријателски однос кон Евреите
отколку пред војната
на тоа никој не сметал
Тој како што често велеше
влегол во виенската замка
Веќе не знаеше
дека во Виена и воопшто во Австрија
лажливоста си е дома

ОЛГА

Чичко Роберт претеруваш

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Тоа го велиш ти која секој ден мора да доживува
какви се навистина виенчаните
тоа го велиш ти која пред само четиринаесет дена беше плукната
зашто е Еврејка

АНА

Сигурно беше по грешка

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

По грешка по грешка мислите вие
тоа не беше по грешка
се разбира ако не си го доживеал
ама ако навистина си го доживеал

ОЛГА

Не ме исплука баш

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Ама ти самата ми раскажа
дека те исплукал некој во Шотенгасе
сега велиш по грешка
каква ли грешка можела да биде тоа
зарем се плука човек на улица
ако не го ни знаеш
само ако види дека е Евреин
Колку стана саат

АНА

Еден и пол

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Виенчаните и Австријците
се многу полоши
отколку што татко ви можеше да си замисли
слушнете само што зборуваат луѓето
само погледнете ги
тие секого пресретнуваат
со омраза и презир
сеедно дали на улица или во некој локал
токму Евреинот не може секогаш да седи дома
во своите четири ѕида
и Евреинот мора да излезе надвор на улица

а ако го откријат дека е Евреин
го казнуваат со омраза и презир
во Австрија да се биде Евреин секогаш значи
да се биде осуден на смрт
луѓето можат да пишуваат и да зборуваат што сакаат
омразата кон Евреите е најчиста и апсолутно нефалсификувана природа
на Австриецот
Пред триесет и осма виенчаните се
беа навикнале на Евреите
ама сега по војната тие веќе не се навикнуваат на Евреите
тие никогаш нема да се навикнат Евреите
И самиот јас знаев
дека со самото доаѓање во Виена доаѓам во пеколот
Кога би имал сила
да напишам книга
за оваа состојба што денес владее овде во овој град
ама ја немам веќе таа сила
Главата би била потполно способна да го стори тоа
ама не и телото
телото ме остава на цедило тоа ете го гледате

АНА

Цител сигурно
ни сварилачорба

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Она што го пишуваат писателите
не е ништо наспрема стварноста
дада пишуваат ете дека сè е стравотно
дека сè е расипано и запуштено
дека се е катастрофално
и дека сè е безизлезно
ама сè што пишуваат
не е ништо наспрема стварноста
стварноста е толку лоша
што не може ни да се опише
уште ниту еден писател ја нема опишано стварноста
онаква каква што навистина е
тоа е она стравотното
*одат неколку чекори и повторно застануваат*
Најмногу би сакале
ако се искрени
да не задушат со гас
исто како и пред педесет години
тоа е внатре во луѓето
не се лажам
доколку би можеле
и денес без никаков проблем би нè
убиле
Брат ми исто така од овие стравотни луѓе

прибегнуваше кон Клајст Гете Кафка
ама човек не може цел живот
да прибегнува во книжевност и музика
до една одредена точка и веќе не оди понатаму
тогаш под дадени услови ни преостанува само уште самоубиството
Веројатно е само прашање на погоден момент
само прашање на погоден момент
*директно кон Олга*
Ти никогаш не си имала поврзаност со музиката
тоа е многу чудно
Ана да а ти не
татко ти не можеше да го разбере тоа
можеби е заради тоа
што си родена во Швајцарија
*гледа во правец на Бургтеатарот*
Кога луѓето во Бургтеатар настапуваат
си вообразуваат
дека се нешто
Оваа Нидеррајтер нема белким сега да дојде
на ручек
глумци и глумици на маса
тоа никогаш не била моја работа
Мојата секретарка сакаше да стане глумица
ама ништо не бидна од тоа
за добра писарка треба да се има и талент
Австријците се уште музикален народ
ама еден ден
нема веќе да бидат ни музикален народ
*продолжуваат да одат понатаму*

ТРЕТА СЦЕНА

*Раскрената трпезарија*
*Само една долга маса и седум различни столици*
*Масата е само спорадично поставена*
*Една висока врата лево, една висока врата десно*
*Три големи прозорци со поглед кон Плоштадот на хероите*
*Жалузините се отворени*
*Сандаци и куфери со натпис О к с ф о р д*
*Професорот Роберт, професорот Либиг и жена му,*
*господинот Ландауер и Ана седат до ѕидовите,*
*Олга на еден сандак, и ги чекаат*
*госпоѓа професор Шустер и Лукас*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Да се поттикне на размислување
нема веќе ништо од тоа
Слушателите секогаш имаат заглушени уши
се зборува ама не се разбира
Неспособни за себепорекнување
на сите овие лица има само надменост
ништо друго
Сите научни области се осквернавени
целокупната култура уништена
духот истеран
Порано беше задоволство
да се излезе на улица
се разбира сè е по грешка
по грешка е сè се разбира
*гледа кон улицата*
Ако зборувате со некој човек
произлегува дека е идиот
во секој виенчанец се крие масовен убиец
ама човек не смее да си го расипе расположението
Логиката е дека едноставно мора да се задушиме
во судбоносната заедница
Виена е ладен сив градпровинциски
она американското го прави одвратен
Американизмот овде уништи сè
Никогаш не оставив да ми се расипе расположението
Она австриското се прашувам секогаш
штое тоа впрочем
апсурдноста на потенцијата
нè привлекува и нè оттурнува
тотално запуштен социјализам
тотално запуштено христијанство
На крајот сите сме само згрозени од тоа
тоа е она што депримира

АНА

Јас во секој случај ќе го составам писмото до градоначалникот
не мора одма да го потпишеш чичко Роберт
Улицата потполно го разделува поседот
Мајка е беспомошна
со мајка заедницата прави што сака
мајка не може ништо да преземе
Наводно требало и црквата да се сруши

ОЛГА

Нојхаус е веќе руиниран

ПРОФЕСОР ЛИБИГ

Точно се сеќавам на Нојхаус
секое лето по две недели бевме во Нојхаус

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

И за нас секогаш беше летна свежина

За време на нашиот престој во Англија куќата повеќе или помалку пропадна
АНА
Чичко Роберт супер си уреди
Постави голема градина
И сега сето тоа ќе биде руинирано со новата улица
ГОСПОЃА ЛИБИГ
Со поединците денес државата прави што сака
ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Тоа отсекогаш било така
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Поединецот државата секогаш го трескала по глава
ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Лоши времиња
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
На тој што мисли уште рано наутро му се лоши
ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Насекаде владеат хаотични состојби
Лагата завладеа со сè
и неспособноста
ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР
Веројатно на есен владата ќе биде реконструирана
ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Не се работи за тоа
сосем сеедно е која власт ќе биде
едната е како другата
секогаш истите луѓе
секогаш истите зделки
кои овие луѓе ги прават
секогаш се истите интереси
тоа се секогаш овие целосно пропаднати луѓе
кои со секој ден државата сè повеќе ја носат во пропаст
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Дури и самиот јазик на овие луѓе
е толку одвратен
па слушнете го премиерот
тој не знае ни една реченица исправно да каже до крај
а ни другите
од сиве овие луѓе произлегуваат само гнасотии
и тоа како ги изговараат е гнасотија
ПРОФЕСОР ЛИБИГ
И весниците пишуваа гнасотии
во весниците исто така се пишува со еден јазик
од кој ти се превртува во стомак
освен лагите што таму се печатат
уште и стотици грешки
редакциите на весници во Австрија
не се ништо друго освен партиски ориентирани свињарници
ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Сè се тоа неквалифицирани луѓе
кои не знаат да мислат и затоа ни да пишуваат

ПРОФЕСОР ЛИБИГ

При вакви тапоумни читатели
со најниски критериуми во Европа не е ни чудо

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Ама ова ѓубре секојдневно го внесуваме
во себе
зашто нè интересира
и зашто сме фасцинирани од него
Мора да признаете господине колега
дека впрочем овие идиотски весници
со својата потполна пеколна тапоумност
повеќе Ве интересираат отколку на пример Н о ј е  ц и р х е р  ц а ј т у н г
Таканареченото високо ниво отсекогаш било досадно
Она што ние го бараме во весниците
е отпадот
За секојдневната употреба на мислењето не ми требаат весници
апсолутната примитивност на овие австриски гнасни весници
е она што морам да го имам секое утро
признавам дека повеќе сакам да се внесувам во оваа гнаса
отколку во зачинетиот фељтон на Ф р а н к ф у т е р  а л г е м а ј н е
Па веднаш по појадокот го претпочитам Декарт
наместо Ф р а н к ф у т е р  а л г е м а ј н е
неколку стари книги
на кои сè се набрало
Не од овие гнасни весници
не можам да се откажам
отпадот е она сензационалното
и оваа подла сензационалност е неопходна за живот
особено во староста

ПРОФЕСОР ЛИБИГ

Она што фали е весникарска култура

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Не бидете смешен
што е тоа весникарска култура
весникарска култура весникарска култура
токму таа е она одвратното
Ама признавам дека овде во Австрија
фали весник како Н о ј е  ц и р х е р  ц а ј т у н г
тоа признавам
иако секогаш се досадувам кога го читам
Н о ј е  ц и р х е р  ц а ј т у н г
Ако сум искрен ги претпочитам гнасотиите
Замислете си го Нојхаус
и со него Н о ј е  ц и р х е р  ц а ј т у н г
на кој се претплатив заради навика
бидејќи со децении мислам

не можам да живеам без Н о ј е  ц и р х е р  ц а ј т у н г
тоа е м о ј а т а тапоумност
нене би се задушил
без австриските гнасни весници
Ќе си заштедите бескрајни суми за таблети
ако уште рано наутро веднаш
ѝ се препуштите на тапоумноста на К р о н е н  ц а ј т у н г  и на К у р и р
тоа уште рано сабајле ви го доведува крвотокот до јуриш
не зборувам за печатените весници
овој запуштен весник со десетте шилинзи
дури и како средство за спиење е прескап
*гледа кон Плоштадот на хероите*
Оваа Нидермајер
има пролетеријатско потекло
учела глума и потоа пропаѓа
внук ми Лукас секогаш се залажувал по вакви
што би се рекло синовите од добри куќи
се повеќе или помалку секогаш само жртви
на глумата
потчинети на сценските уметници
Од бината и од бината на Бургтеатарот
за часскокнале
во високата аристократија
тоа не беше реткост

ПРОФЕСОР ЛИБИГ

Немавте ниеднаш желба
да се вратите назад во Кембриџ

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Не јас не
јас во Англија никогаш не бев среќен
Англија за мене отсекогаш била само итно решение
јас никогаш не бев како брат ми
затрескан во Англија
едно време
брат ми беше затрескан во Англија
Англија ме спаси исто како и него
ама никогаш не би останал во Англија
и не се вратив назад
тоа никогаш не би ми паднало на ум
Исто така не чувствував дека овде е сè убиствено
како брат ми Јозеф
Ама многу добро можам да разберам дека стави крај
Јас сеедно каде сум ама веќе со години живеам
само уште во Нојхаус
би можело да се каже дека веќе со години сум мртов
брат ми се самоуби
јас отидов во Нојхаус
на крај можеби многу веројатно исто му доаѓа

Јас предолго време веќе не егзистирам
и набљудувам сѐ
што би се рекло од позиција на смрт разбирате

ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР
Ама повторно и повторно одите во Музикферајн

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
По навика
инаку ништо друго не ми текнува
Читам и во Нојхаус одам неколку чекори
не сум некој вљубеник во природата па и мрзам природа
тоа е вистината
мене природата не ми дава ништо
и еднаш или двапати неделно одам во град
и одам во Музикферајн
ама моите музички критериуми не се веќе толку високи
сега само уште чекам конечно и целосно да бидам мртов
немам мисли на самоубиство

АНА
*ко него*
Мајка сака со тебе да зборува за Цител

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
За Цител
што ли сака да зборува со мене за Цител

АНА
Трошоците за старечки дом на мајката на Цител
ги плаќаше татко

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Да и

АНА
Дали сакаш да ги преземеш сака да знае

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Па госпоѓа Цител не е моја куќна помошничка
или економка или што и да е
таа оди кај мајка ви во Нојхаус и веројатно таму ќе остане
тоа не е моја работа
јас ја имам Кронбергер
Кронбергер и јас
ние сме во Нојхаус
Мајка ти буквално се дави во пари
таа треба да го плати тоа
*кон сите*
Снаа ми на крајот на краиштата отсекогаш била капиталистката во семејството
И освен тоа каква тема е ова
Господине Ландауер што ќе кажете ќе победат ли црвените на следните избори
па немаат никаков карактер
а црните па глупаци кој од кој
свинштината е во  с ит е  партии водечката сила
Ако денес во Австрија одберете политичар

вие бирате само корумпирана свиња
па така е што
*Госпоѓа Цител влегува со купче чинии и ги распределува на масата*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Снаа ми уште одамна требаше да биде овде
таа уште пред јас да се качам во такси
се одвезе со Лукас
Оваа Ниедеррајтер сè ни изврти
Каква личност е впрочем таа госпоѓо Цител

АНА
Тоа беше толку невкусно
што се појави на погребот

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Една личност која по себе и за себе добро изгледа
*кон Ана*
Јозеф ја знаеше

АНА
Двапати ја има донесено
татко не беше одушевен

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Лукас отсекогаш бил специјалист за глумици

АНА
за второ и третокласни

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Сосем невозможно е
прво оваа личност да ја одвезеш дома
а потоа мајка

АНА
Храбар предизвик

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Ама се разбира ќе почекаме госпоѓо Цител
*Херта влегува и застанува на врата*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Тогаш две години му оди на нерви
секогаш истото
Она што ќе почне како голема љубов
веќе по неколку недели е наметливо
впрочем тоа е нормално
Понекогаш мислам Лукас никогаш нема да најде жена
На негови години тоа веќе не може да те посреќи
тогаш човек станува само попребирлив
секој поглед пресекува сè
нема веќе ништо друго да дојде освен досада
презаситеност

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ
Господинот професор минатата недела
еден ден пред несреќата
отиде да му земат мерка за чевли кај Шеер

тоа сакав уште да кажам
*распределува салвети*

АНА
Лукас носи ист број чевли

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Јозеф беше класичен фетишист за чевли
јас употребив три чифта за дваесет години
тој имаше над сто чифта чевли
само во Виена околу шеесет чифта
во Нојхаус има насекаде растурено чевли од него
и во Залмансдорф

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ
Поштата ја ставив во малата бела вреќичка

АНА
Ама баш на никого не му пишав
дека татко умре
сите си мислат дека е веќе во Оксфорд
*Госпоѓа Цител ѝшепоти нешто на Херта*
*двете излегуваат*

ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Гробиштата секогаш ме депримираат
А жена ми што би се рекло живее на гробишта

ГОСПОЃА ЛИБИГ
Секогаш одев на гробишта
уште со баба ми

ПРОФЕСОР ЛИБИГ
На гробишта човек може најдобро да ги проучи
историите на различни семејства
одредени семејства

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Посетите на гробишта се најкорисни
како ништо друго можат да послужат за поука
и за смирување
главата која е денес насекаде попречена не може никаде на друго место
да се сконцентрира
Научен сум од снаа ми да не доаѓа точно на време
тоа брат ми секогаш го доведуваше до очај
што никогаш не е точна
стравував пред секое договарање со неа
Оваа Нидеррајтер и мајка ви во една кола
па тоа е незамисливо
*Херта влегува со кошничка со леб и ја поставува на масата*
Требаше да одиме во Захер
тоа ќе беше најдобро
или на некоја ситница во Слука
под овие услови да се готви
тоа може да ѝтекне само на госпоѓа Цител
*кон Херта*

Знаете во Волфсег имам еден внук
тоа е веднаш над Отнанг
Хаусрук е убава област
област на рудари
колку што се сеќавам таму ги имаше
најљубезните и најдобрите луѓе
Вие сте од таа област

ХЕРТА
Да господине професор

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Дедо ви не беше рударот
кого нацистите го однеле во концентрационен логор
затоа што слушал швајцарско радио

ХЕРТА
Да господине професор

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Комшијата го пријавил дедо ви
и тој бил затворен во концентрационен логор
во Холандија нели
брат ми ми раскажа за тоа
Дедо ви и баба ви биле храбри луѓе
*Херта излегува*

АНА
Татко ѝ бил алкохоличар
а мајка ѝ заради повторна кражба
лежела година дена затвор

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
А живи се уште родителите

АНА
Никој жив не знае кај се
не се мртви тоа е сигурно
ама никој жив не знае кај се

ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Човек веднаш го забележува она горно-австриското

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
*гледа од прозор*
Сè е содржано во гнилежот
*кон Олга*
Ти уште како мало девојче ѕемнеше
преку тоа ти беше осигурана љубовта од сите
*гледа од прозор*
Луѓето не насетуваат
дека ќе настапи катастрофа
сè е само оттргнување на вниманието од катастрофата
Госпоѓицата Нидеррајтер
ќе се омажи со брат ви
и засекогаш ќе го уништи семејството Шустер
може да се случи

и госпоѓицата Нидеррајтер
сè да убие
ќе видите
Еден свет во кој само се гледа сеир
кој има заборавено да мисли
процесот на оглупување веќе не може да се сопре
Се работи за Шекспир рече тој
е баш ми е гајле таа
се работи за Клајст
ѝбеше гајле за сето тоа

АНА
Мислев голем венец од нарциси
ама погрешно беше

ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Секој мртовец зад себе остава само грижа на совест

ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР
Сепак беше успешен погреб

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Сите погреби се безуспешни
се помпезни
се одвратни
се најпрости
се одвратни
театарот со смртта секогаш е безуспешен
Госпоѓица Нидеррајтер
ќе го уништи Лукас
тоаќе го уништи него
глумиците секое семејство
го сотирале
Понекогаш помислував
еднаш да отпатувам до Кембриџ
ама сега веќе не
англискиот временски период беше најубав
детството во англискиот временски период
*кон Ана*
Ти секогаш беше таа што јакнее
*кон Олга*
А ти чувствителната
што ја задеваат
Ти секогаш ѕемнеш
го имаш уште муфот

ОЛГА
Муфот од мајка

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Да муфот од мајка ти

ОЛГА
Не не знам кај отиде муфот

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Во зима дамите никогаш
не излегуваа на улица без муф
муфот сосема излезе од мода
по војната веќе не видов муф
На Ротентурмштрасе го видов Јозеф
за последен пат на плоштадот Лугек
сакав да се напијам кафе со него
ама тој одби
братот со срцева болест го наджива
ние сосема се прилагодуваме на тоа
дека први ќе умреме а остануваме
Во шеесеттите години требаше да се врати назад во Англија
не во илјада деветсто осумдесет и осма
Не требаше воопшто ни да се враќаме назад во Австрија
Мене уште во Англија ми беше јасно
дека Австрија не е веќе возможна
Да западнеш во замка ете тоа е тоа
Мајка беше единствената доследна
ама никој не ја слушаше мајка
Во Виена не сакам ни да бидам погребана
велеше секогаш
ништо не ѝпомогна
Јозеф го имаше последниот збор
Она виенското е уништувачко и распадливо
велеше таа секогаш
Политичарите оваа земја ја исцедија
до последно ја уништија унаказија сотреа
Што мислите Вие

ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР

Австријците немаат избор
што и да избере Австриецот
ќе биде подмолно

ПРОФЕСОР ЛИБИГ

Прашање на време е
кога нацистите ќе дојдат повторно на власт
сите предзнаци укажуваат на тоа
црвените и црните играат така за сè да падне право во рацете на нацистите

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Сега се случува токму тоа
што поголем број на Австријците и го сака
да владее националсоцијализам
под површината националсоцијализмот
е уште одамна повторно на власт

ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР

Сеништето одеднаш настапува како силен маж
преку ноќ

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

*гледа кон Плоштадот на хероите*

Comment [n21]: од мене додадено

Иднината веќе следната иднина господине Ландауер
ќе потврди дека сте во право
За мене лично сево ова не е веќе проблем
барем на Доблинговите гробишта нема да биде
брат ми Јозеф може да се смета за среќен
што му успеа вакво спонтано заминување
Отсекогаш сум им се восхитувал на самоубијците
никогаш не сум помислил дека брат ми би бил во можност за вакво нешто
Ах знаете животот е навистина комедија
*покажува кон сандаците и куферите што стојат наоколу*
на сите овие сандаци и куфери пишува Оксфорд
а сè ќе оди за Нојхаус
брат ми веќе го продаде станот
на некој персиски трговец
што живее во Истамбул
не ја знам сумата
и сеедно ми е колку платил Персиецот
Бозендорферот го пратија однапред за Оксфорд
со брод како во стари времиња
*кон Ана*
Сега можеш да гледаш како Бозендорферот
повторно ќе се врати во Виена
Мајка ти никогаш не свирела добро
дилетантско дрнкање
аријата на Енхен од Волшебниот стрелец
не стигнуваше за повеќе
ама да не заборавиме што сè во животот
има направено за нас
*кон професорот Либиг и господинот Ландауер*
Најпрвин сите ниемислевме
дека е само еднократна појава
ама потоа се разви во хронична болест
*се навалува напред*
Со месеци повторно ги слуша и тоа на некој стравотен начин
како врескаат масите на Плоштадот на хероите
Знаете нели петнаести март
Хитлер вмаршира на Плоштадот на хероите

АНА

Во Нојхаус ги нема нападите

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Медицински сосема лесно објасниви
ама неизлечиви

АНА

Се радувам што станот е продаден
Станот воопшто не ни донесе среќа

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Секогаш велев
да не се живее во внатрешноста на градот

Comment [n22]: клавирот

прозорите кон Плоштадот на хероите
тоа е лудило

ОЛГА

Мајка не сакаше да влезе во станот

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Длабоко всаден шок што би се рекло
таа со раце и нозе му се
спротивставувашена овој стан
ама Јозеф беше како опседнат од него
Од овде не ми е далеку до универзитетот
Уште веднаш кога се вселија
таа уште првиот ден го имаше првиот напад
Се мислеше дека е хировитост
зашто мајка ви отсекогаш била театрална
ама сепак беше длабоко всаден
не глумеше театар
Токму таа која секогаш глумела театар
на крајсо хроничен процес на болеста
Колку стана саат

ОЛГА

Три саат
*Госпоѓа Цител влегува, поставува стаклен бокал со вода на масата и повторно излегува*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Госпоѓо професор Либиг
Вие го знаете Карлсбад многу добро
Што мислите за лекување во Карлсбад

ГОСПОЃА ЛИБИГ

Веќе педесет години не сум била во Карлсбад

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Ама сепак знаете како изгледа таму

ГОСПОЃА ЛИБИГ

Знам како изгледаше во Карлсбад пред педесет години

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Се разбира пред педесет години
веројатно Карлсбад сега изгледа
сосем поинаку
јас никогаш не сум бил во Чешка
Имало многу убави хотели во Карлсбад

ПРОФЕСОР ЛИБИГ

Во Карлсбад не може веќе да се оди
Можеби хотелите се уште исти
ѕидаријата е иста
ама атмосферата е денес неподнослива
насекаде каде што владее комунизам

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Веројатно би било бесмислено
на мои години да отпатувам за Карлсбад

под сите овие денешни услови
моите родители за пет часа оделе со експресен воз
од Виена за Карлсбад
Во кола за спиење прва класа

ПРОФЕСОР ЛИБИГ
После шеесет да се оди на лекување
ако претходно никогаш не сте биле на лекување
е потполно бесмислено
Монархијата исто така не беше идеална состојба
Мислите дека повторно ќе има такво нешто
како австриска монархија

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Не никогаш
Нема веќе ништо да има ништо

ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Ништо

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Ништо

ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Како ја добивте на времето
катедрата во Кембриџ

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Преку професорот Штроцка
него го знаев од Виена
тој уште триесет и четврта замина за Англија
прекрасен човек
по војната мене и на брат ми
и во Виена ни ја обезбеди професурата
професорот Штроцка ни го спаси животот
сега е веќе погребан на Доблинговите гробишта
сите овие прекрасни луѓе се закопани на Доблинговите гробишта
на Доблинговите гробишта или на Гринцинговите гробишта
се закопани австриските продуховени луѓе
*извикува*
Штроцка
Нѐ зема од Довер
и нѐ одведе во својата куќа крај Ридинг мала вила
секогаш живеел скромно ама со високи критериуми
англиските услови не беа тогаш баш најдобри
англиските влади беа тапоумни
Побегнавме во Штајнхоф кај брат му на Штроцка
тој беше примариус во Штајнхоф
дванаесет дена во страв и трепет во Штајнхоф
а потоа во Швајцарија
во Женева се сместивме во некоја подрумска дупка
Швајцарците не ми останаа во најдобро сеќавање
Швајцарците севкупно се народ без карактер
Ама знаете исклучоците го потврдуваат правилото

Го прочитав Тасо на Гете во подрумската дупка
и сето тоа со Ана и Олга
Јозеф замина за Оксфорд јас за Кембриџ
ама траеше две години
додека смеевме да одржиме предавање
и во тоа време не заработувавме пари

ПРОФЕСОР ЛИБИГ

Жена ми и јас
осум години се криевме во Калтанисета како што знаете

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Штроцка нас несомнено нè спаси
инаку извонреден научник

*Госпоѓа Цител влегува со втор стаклен бокал со вода, го остава на масата и излегува.*

АНА

*кон чичко ѝ*

Ако ти барем еднаш го поканиш градоначалникот на вечера
веќе ќе го придобиеш
Ти толку добро знаеш да се однесуваш со овие луѓе

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

*кон професорот Либиг*

Да се замине за Англија беше голема среќа
професорот Штроцка уште во декември го видов неколку пати
во Папагено онаа гостилница што е пушница
секогаш одеше да јаде таму со жена му
сега веќе и тој е мртов
Секогаш поминувам покрај неговиот гроб
на Доблинговите гробишта
Едната половина од Шустерови е закопана на Гринцинговите гробишта
другата на Доблинговите гробишта
жена ми никогаш не отиде во некој парк
само на гробишта
па и никаде не е поубаво отколку на гробишта
*се обгледува околу себе*
Призорот од багаж
отсекогаш ми бил стравотен
Тоа отсекогаш значело патување во несреќата

*Госпоѓа Цител доаѓа со вазна полна перуники, ја става на масата и повторно излегува*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Цвеќиња мразеше
цвеќиња и мачки
Ова е првпат госпоѓа Цител
да постави цвеќиња овде
тоа не би се осмелила додека
брат ми беше жив
За прв и последен пат
На отворено во природа да

дома не
ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР
Одев на сите предавања на професорот Шустер
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Секогаш беше точен
и секогаш остваруваше прецизна работа
тоа се подразбираше само по себе
Тој ги имаше најголемиот број слушатели
Се разбира тој беше недоверлив
не им веруваше на своите слушатели
Кога ќе му прозбореа во врска со неговите книги
им маваше корпа
во тоа беше нетрпелив
да зборува за своите книги не сакаше
и воопшто не беше многу зборлив човек
дебати мразеше
ништо не мразеше толку како дебати
дебатите не водат кон ништо
цел свет дебатира и од тоа произлегува само бесмисленост
велеше секогаш
Ни со мене не разговараше за својата работа
и впрочем не го ни интересираше
што правам јас никогаш не прашуваше
Со тебе е сè во ред велеше секогаш
тоа беше сè
Еден вистински разговор немавме водено еден со друг
сиот свој живот
тој беше непристаплив човек како што се зборува
Секој напор дури и крајниот не води до ништо
велеше секогаш
сè што се прави е бесмислено
бидејќи на крајот на краиштата е направено избрзано
тој беше премногу комплициран за да може да го издржи светот
ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР
Еднаш го сретнав во Палменхаус
и тој жалеше
што не живеел еден цел век порано
Секогаш живееме во погрешно време рече
сите впрочем сакаме да живееме во минатото
него убаво сме си го уредиле минатото
токму онака како што сакаме
никој жив не ја сака иднината
ама сите мораат да влезат во иднината
онаму каде што е студено и непријателски
Отсекогаш сум го обожавал професорот
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Притоа нему обожавањето му беше одвратно
ништо не мразеше повеќе од тоа да биде обожаван

тоа му се гадеше
обожавателите ги мразеше како чума
*директно кон господин Ландауер*
Ама знам дека кон Вас
имаше одличен однос
овој одличен однос
базираше на взаемност
Дури и наклонетоста не му беше по ќеиф
тој сето тоа веднаш го чувствуваше како присвојување
цената на обожавањето му беше превисока
не беше подготвен да ја плати
Она што го публикуваше беше во основа беспрекорно
ама не сакаше да биде обожаван заради тоа
Да го остават на раат беше неговата најголема среќа
ако кај него воопшто можеме да зборуваме за среќа

ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР
Некои денови гледам само среќни луѓе околу мене
тоа е вистината Ландауер велеше
сите се среќни сите изгледаат среќно
и не се лажам
во сите дури и во најсиротите и во најмизерните
сѐ е само среќа Ландауер
а потоа сепак повторно гледам само
дека сите заедно се смртно несреќни

ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Живееше многу затворено
повлечен во себе како што се вели

ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР
Некои слушатели имаа намера
да одат со него во Оксфорд
тоа сигурно не го ни знаете

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Тој имаше апсолутно доверливи приврзаници
самиот тој не го знаеше тоа

ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР
Професорот Шустер имаше најголема влијателност

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Тоа во никој случај не придонесе да биде омилен
колегите сепак го немаа прифатено
да не речам го мразеа
Универзитетските професори во Австрија се денес
речиси без исклучоци провинцијални
она што го нарекуваат мислење не е тоа
недостасуваат дури и основните предодредености
мислењето на нашите високи школи веќе со векови
не се придвижува
и згора на тоа доаѓа уште и апсолутното националсоцијалистичко
и апсолутно католичко држење кое овде владее со сѐ

Денешните универзитетски професори
поседуваат невидена примитивност
нивното немање поим е катастрофа
Ако само размислите дека на нашите универзитети
најважните катедри се запоседнати со тиролски и салцбуршки нацисти
може да биде само катастрофално
Денеска се проповеда за високо планинската тапоумност
тоа е вистината на кичот од пресвртот
едно неподносливо филистерство предава
само уште за алспко-руралната тапоумност ништо друго
порано универзитетските професори доаѓаа од велеграѓанството
од велеграѓанските Евреи
денес доаѓаат од размазениот малограѓански пролетеријат
и од дебилното селанство
ситуацијата е срамна
денес дури и еден мал дебел пишувач на главни статии за К у р и р   важи
за духовнавеличина
и едно предградско страшило што уште се бори со неписменоста
карикатурата на еден социјалист како премиер
како државник
тоа се факти
во оваа мала држава сè е тапоумно
а духовните потреби се спуштени на апсолутен минимум
Можно е неколку пати во годината
да се чувствувате убаво во овој град
кога минувате низ Колмаркт
или низ Грабен
или надолу по улицата Сингер на пролетниот воздух
доколку еднаш со најголемо себепорекнување си забраните
да мислите на апсолутната смешност на оваа држава
на нејзината непресметливост
Вие секогаш паѓате на Австрија
ама затоа што ќе јадете добро во некоја гостилница
или ќе се напиете добро кафе во некоја кафетерија
не смеете да заборавите
дека се наоѓате во државата која предизвикува најголема општа опасност од сите европски држави
каде свињаријата е највисока заповед
и каде човековите права се газат под нозе
Колку треба да му се завидува на човекот
кој имал сила
да се спаси од оваа недржава во апсолутниот крај
и едноставно на Доблинговите гробишта
За луѓе како нас гробиштата отсекогаш биле единствениот излез
господине колега Либиг

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

*влегува и застанува до врата, шепоти*
Госпоѓа професор доаѓа

*и повторно излегува*
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Е па ете
*Сака да стане, амане му успева, Ана му помага да стане.*
*Сите стануваат*
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Еве ја снаата
*Госпоѓа професор Шустер влегува во придружба на синот Лукас и госпоѓа Цител*
*Професорот Роберт оди кон неа и ѝ ја бакнува раката, госпоѓа Цител повторно излегува и се враќа, со тенџереточорба застанува до вратата*
ЛУКАС
Направивме мала обиколка
госпоѓица Нидеррајтер
ја однесовме до дома
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
На мои години чекањето
веќе станало навика
ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР
На крајот на краиштата е исклучителен ден
*Професорот Либиг и госпоѓа Либиг како и господинот Ландауер ја поздравуваат госпоѓа професор Шустер*
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Човек мора да се прилагоди на сè
тоа научивме во меѓувреме
*сака да седне на маса*
*Ана и Олга ги приближуваат столовите до масата, исто и еден сандак, зашто еден стол фали*
*Лукас ја води госпоѓа професор Шустер до масата, таа седнува професорот Роберт седнува наспроти неа*
*Професорот Либиг и госпоѓа Либиг седнуваат, исто и Олга и господинот Ландауер;*
*Олга седнува на сандакот*
*госпоѓа Цител ја принесува чорбата*
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Ова е веројатно последен пат
да се јаде овде
АНА
Ќе има уште една вечера
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Нели е подобро
да се оди во ресторан
во некоја гостилница
*се обгледува наоколу*
АНА
Госпоѓа Цител веќе подготви сè
ја купила во Слука и погачката со паштета од дивеч
ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Comment [n23]:

од Слука
тоа уште како дете ми беше омилено јадење
*кон госпоѓа професор Шустер*
Со задоволство ќе те земев во такси
не сакав да се сретнам
со онаа Нидеррајтер

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР
Со Лукас беше договорено
да ме однесе дома

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Тебе и оваа Нидеррајтер
Ако немаш ништо против
ќе останам ноќеска кај вас
денес не можам веќе да одам во Нојхаус

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР
Секако тоа се подразбира

ГОСПОЃА ЦИТЕЛ
Креветот за господинот професор Роберт
е веќе постелен
*Херта влегува, ги зема бокалите со вода и со нив повторно излегува*

ЛУКАС
*извикува*
Мина фон Барнхелм
тоа е невкусен театар
во секој случај театар за оттргнување на внимание
да не се потцени
*кон мајка*
На Натан мудриот
на таа лажлива патетика
ќе дојдев со тебе
ама Мина фон Барнхелм
тоа е смешно
*кон сите*
Навистина вреди да се размисли
дали е вкусно
што би се рекло во состојба на жалост
да се оди на оваа тврдоглаво смешна Мина
На некој реквием во Музикферајн
тоа секако ќе наиде на општо прифаќање
нели чичко Роберт
од друга страна Мина фон Барнхелм е сепак оперета
На ужалениот би требало да му биде дозволена
Мина фон Барнхелм
оваа германско-национална оперетка
Па токму ужалениот
не смее да биде пребирлив
И општо земено во Јозефштат
дури и најсериозните трагедии

се играат како оперети
тоа е она што е карактеристично за Јозефштат
дека таму сè се претвора во оперета
Фауст Госпоѓица Јули Дантоновата смрт
нема никаква разлика
во Јозефштат веќе двесте години
се игра само оперета

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Бургтеатарот страда заради тоа
што тој ја најмил сериозноста
секоја на деведесет и девет години
смеењето што луѓето ги прави безобразни во Јозефштат
во Бургтеатар повторно
им се избива како некоја најопшта опасност
Состојбата на театарот во Виена отсекогаш била фатална
апсолутно непоправлива

ЛУКАС
Тоа е она виенското
претпладне да одиме на погреб на таткото и братот
а навечер на Мина фон Барнхелм

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Тоа би бил врвот на безвкусноста

ЛУКАС
Апсолутната безвкусност
е токму тоа виенското чичко Роберт
Госпоѓица Нидеррајтер инаку на семејството му испраќа
длабоко сочувство

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР
*Јадејќи чорба*
Можам да замислам
некое извесно време да бидам
сама во Оксфорд
*Сите јадат чорба*
Можеби е ама сепак бесмислено
да одам во Оксфорд сама
најдобро е Ана да отпатува со Лукас
и куќата да се продаде најбргу што може
*Кон Ана*
Имаш веќе пошта

АНА
Од агенцијата за посредување

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР
Да

АНА
Не

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР
Нема да биде лесно
да се продаде куќата

Comment [n24]: за среден род е исто решение стилистички – на македонски

Јас не сум ја ни видела

АНА

Можеби ќе останам некое време во Оксфорд
можам секако да средам Националната библиотека
де ме ослободи од служба
и Олга може да дојде со нас

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Тоа е добра идеја

АНА

Со месеци ќе трае
додека куќата повторно се продаде

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР

Требаше уште веднаш
кога се вративме во Виена да се завртиме
и да си се вратиме назад во Оксфорд
Јас веднаш ќе се вратев

АНА

Многу е убава куќата
дури и преубава за еден професор по филозофија

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР

Човек не можеше да го оттргне Јозеф од тоа
јас не сакав повеќе
ама тој си го всади тоа в глава
најпрвин тој не сакаше а јас сакав
потоа јас не сакав
а тој сакаше
Тој сакаше да се врати во Виена
не јас
Требаше да останеме во Оксфорд

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Дувло на духови
така го нарекуваше Оксфорд
Всушност секогаш ми завидуваше мене за Кембриџ
Колегата Либиг мисли
дали не би можеле да ја задржите куќата
и да ја изнајмувате
што би се рекло да биде ваше англиско скривалиште
во позадина

АНА

Сега кога татко е мртов
ова веќе нема никаква смисла

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР

Куќата ќе се продаде
нормално не на првиот што ќе дојде
И јас веќе не сакам да ја видам
сега веќе не

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Во Нојхаус ќе се одмориш

Олга може некое време да биде во Нојхаус кај тебе
нели Олга

ОЛГА

Ако мајка тоа го сака

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР

Не останувам во Нојхаус
нема да издржам во Нојхаус
Што ќе правам во Нојхаус
Отсекогаш сум се досадувала во Нојхаус
Јас ни детството го немав поминато во Нојхаус
како Јозеф
во Нојхаус секогаш ми се врзуваше грклaнот
впрочем ни Јозеф не беше радо во Нојхаус
само секогаш си се убедуваше
бидејќи Роберт го имаше убедено
не Нојхаус не доаѓа предвид
Ќе си купам стан во првиот бецирк
по можност меѓу Колмаркт и Грабен
еден тавански стан какви што ги прават насекаде
не може поцентрално да биде од тоа
Фабриката за оцет ќе се продаде
*директно кон професор Роберт*
Никогаш не можев да разберам како издржуваш
во Нојхаус

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Господин Ландауер ќе се погрижи за продажбата
на куќата во Оксфорд
тој заедно со Ана и со Лукас ќе отпатува таму
*Херта влегува со свежо наполнетите бокали и*
*ги поставува на маса*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Значи нема да се печатат некролози

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР

Нема

АНА

Татко не сакаше некролози
ништо не мразеше толку
како некролози

ОЛГА

Тој точно одреди сè

АНА

До детаљ

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Тоа воопшто не му прилега нему
многу сум изненаден дека Јозеф
воопшто направил тестамент
многу сум изненаден за тоа
*кон Либигови и кон господин Ландауер*

Тоа сигурно и вас ве изненадува
ЛУКАС
Мене не ме изненадува
татко беше сепак фанатик за прецизност
Тој сѐодредуваше
кај него не постоеше поимот случајност
Инаку тој мразеше пиеси како Мина фон Барнхелм
Лесинг е типичен германски показателза писателите
п а т е т и ч е н с е н т и м е н т а л е н б е з х у м о р рече
За Лесинг се грабнале Германците
на кои им е доста од Гете
како да е сидро за спасување на нивната лажливост
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Театарот отсекогаш бил само грозно правење важен
ама се разбира повторно и повторно помага
за возбудливи семејни седенки
ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР
*кон Либигови и господин Ландауер*
Веќе сѐ е спакувано
Мебелот е веќе во Англија
трпезариската маса сакавме да ја оставиме во Виена
Приборот за јадење исто веќе беше спакуван
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Добро е што багажот
уште не е тргнат за Англија
Тоа ќе беше перфектна комедија
*сите погледнуваат кон него*
професорот Либиг утре изутрина
ќе им каже на професорите
за самоубиство нема да се зборува
на оваа возраст и изненадната смрт
е сосема природна
катадневно во овој град умираат илјадници со природна смрт
Повеќемината ќе воздивнат олеснето
кога ќе чујат дека професорот Шустер е мртов
ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР
Маж ми одреди
неговата смрт да се соопшти дури една недела
после погребот
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Тоа може слободно уште утре да се соопшти
тоа веќе никому нема да му смета
па конечно сега е навистина веќе сѐ завршено
*Херта, која до сега беше застаната зад*
*професорот Роберт, излегува*
*Полека се појачува вресокот на масите при пристигањето*
*на Хитлер на Плоштадот на хероите илјада деветстотини триесет и осма*
*кој го слуша само госпоѓа професор Шустер*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Смртта е нешто најприродно
на светот
Нели колега Либиг
*Кон госпоѓа порфеоср Шустер, која одненадеж се вкочанува*
*седи на столот и престанува да јаде чорба*
Во Нојхаус госпоѓа Цител ќе ти
ги стави нејзините познати ладни облоги
Нојхаус сигурно ќе ти годи Хедвиг
Додека да најдеш стан
можеш сè да оставиш во Нојхаус
таму има доволно место
Кронбергер и госпоѓа Цител
добро се разбираат
И можеби ќе останеш подолго
во Нојхаус
ама дури кога ќе бидеш во Нојхаус
сè ќе си се покаже
*Сите освен госпоѓа професор Шустер продолжуваат понатаму да ја*
*српкаат чорбата*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Погребите се секогаш
нешто стравотно
Само да не се одржуваат на Централните гробишта
отсекогаш си мислев
да се биде погребан на Централните гробишта
тоа дури и мене би ми било морничаво
ама на Доблинговите гробишта

ОЛГА

Погребот беше сепак сосема на место

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР

Нојхаус отсекогаш ме правел нервозна
отсекогаш сум се плашела од Нојхаус
мене тишината отсекогаш ме правела нервозна
Јозеф тоа никогаш не го разбра
тишината во Нојхаус отсекогаш ме разболувала

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Тебе секогаш сè
ти влијаело поинаку
секогаш спортивставено

ОЛГА

Јас секогаш одев радо во Нојхаус

ЛУКАС

Јас уште одамна би го продал Нојхаус
напикан во тие ступидни селски гнезда
па тоа не е ништо друго
освен ставање крај
Нојхаус отсекогаш сум го мразел

и никогаш не сум одел радо во Баден

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

*кон сите*

Брат ми Роберт мразеше лековити бањи

ЛУКАС

На село луѓето стареат
двојно побргу отколку во град

АНА

Промената е идеална
малку во Нојхаус
и потоа повторно во Виена
и после повторно во Нојхаус

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

*кон професорот Либиг*

Вие би требало еднаш да дојдете во Нојхаус
веќе дваесет години ветувате
дека ќе дојдете во Нојхаус
и до ден денес не сте биле во Нојхаус
Нојхаус е многу поубав од Баден
Татко ни ја купи куќата во Нојхаус
во илјада девстсто седумнаеста
во тоа време му припаѓаа уште шеснаесет хектари ливади

*Госпоѓа Цител влегува, ама останува да сто на вратата*
*Вресокот на масата од Плоштадот на хероите сè повеќе*
*се појачува*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Во Оксфорд беше сосема поинаква климата
отколку во Кембриџ
во Оксфорд беше многу неповолна

*Госпоѓа Цител оди до прозорците и ги затвора жалузините*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Она трагичното не е тоа
што брат ми е мртов
туку што ние останавме тоа е она стравотното

*Херта исто така оди до прозорците и останува да стои до госпоѓа Цител*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

Доживотен напор
и секогаш сè подесувано да биде на највисоко ниво
и на крај тотална бесцелност
Си зеде за задача три тома
Знаете З н а ц и т е  н а  в р е м е т о
сега сè е делумно дело
куп од ливчиња ништо друго

*Вресокот од Плоштадот на хероите се појачува и со затворени*
*жалузини сè повеќе и повеќе и веќе не престанува*

Самиот јас ако сум искрен
само од љубов кон музиката се вратив назад во Австрија
не беше тоа универзитетот

не беше ништо друго освен музиката
Виена не е веќе продуховен град
пред војната да
ама по војната веќе не
сѐ е само вештачки напумпано и обично
нели професоре Либиг

ПРОФЕСОР ЛИБИГ
Секако господине колега

ЛУКАС
Сметам дека Виена е забавна
забавна интересно забавна

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Уште при доаѓањето на Вестбанхоф
требаше да се завртиме
Западнавме во виенската замка
западнавме во замката Австрија
Сите мислевме дека имаме татковина
ама немаме

ЛУКАС
Можеби ќе одам со мајка
на Мина
толку глупа пиеса
досега и чуда правела

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Јозеф беше измамен
сите ние бевме измамени
Оксфорд во никој случај не би бил решение
Проблемот беше што за брат ми
воопшто немаше никакво решение
*Госпоѓа професор Шустер се подига уште повисоко и останува здрвено да седи*
Во оваа држава најстравотна од сите
го имате изборотсамо
меѓу црвени и црни свињи
се шири неподнослива смрдеа
од Хофбург и плоштадот Балхаус
и од парламентот
над целата оваа изарчена и запуштена земја
*извикува*
Оваа мала држава е огромно буниште

ПРОФЕСОР ЛИБИГ
На оној што има визии
му треба лекар
рече премиерот

ПРОФЕСОР РОБЕРТ
Да една чудовишна
глупост
Тоа веќе не можеше да го издржи

нашиот несреќен брат
Ама бидејќи сите Австријци се несреќни
не може да се каже
дека бил само еден несреќен човек
*Госпоѓа Цител оди со Херта до масата и им дотура чорба на*
*професорот Роберт, професорот Либиг и жена му и на господинот Ландауер*

ПРОФЕСОР РОБЕРТ

*додека вресокот од масите од Плоштадот на хероите се појачува до граница*
*на неиздржливост, гласно*
Сево ова беше една апсурдна идеја
да се вратиме во Виена
*уште погласно*
Ама светот бездруго се состои само од апсурдни идеи
*Госпоѓа професор Шустер паѓа со лицето врз површината од масата*
*Сите реагираат запрепастено*

Крај

ГОСПОЃА ПРОФЕСОР ШУСТЕР
ГОСПОЃА ЦИТЕЛ

АНА
ОЛГА
ПРОФЕСОР РОБЕРТ
ПРОФЕСОР ЛИБИГ
ГОСПОЃА ЛИБИГ
ГОСПОДИН ЛАНДАУЕР